JDG "8 MART"-NA OP[TINA KISELA VODA VO GRAD SKOPJE
lociran na ul."Hristo Tatar~ev"br.45 tel 389 2.2779-229 i faks 389 2 2775-335
www.jdg-8mart-skopje.org.mk , email – osmimart_rasadnik@yahoo.com

**Бр.I 01-526/1**
**09.09.2015 год.**
**С к о п ј е**

# Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ЈДГ“8 МАРТ“ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2014/2015г.

Скопје, Септеври 2015г.

1. ВОВЕД

Воспитно - образовната и згрижувачка дејност на Јавната детска градинка " 8 Март" на општина Кисела Вода во град Скопје , како дел од севкупниот воспитно - образовен процес , во текот на 2014/2015г. се реализираше преку соодветно планирање, програмирање, евидентирање и евалуирање на работата . Нејзините резултати прегледно ќе бидат изложени во натамошниот текст на извештајот.

Својата работа ЈДГ" 8 Март" на општина Кисела Вода во град Скопје ја засноваше на почитување на законските, статутарните и програмските регулативи како и најновите педагошко-психолошки сознанија.Основната дејност- згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се реализирање преку згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот , менталниот и социјалниот развој на детето, создавање на поквалитетни услови за престој на деца од 8 месечна до 6 годишна возраст , односно, до вклучување во основно образование – деветолетка.

За таа цел , во текот на изминатата година, само како ориентир, се користеа Основите на Програмата за воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст во ЈДГ донесена од МТСП на Р.Македонија и експериментално се започна со имплементација на документот Стандарди за рано учење и развој за деца од 0 до 6 години.

Програмските задачи кои градинката ги реализираше во изминатата година беа усогласени со потребите на предучилишно воспитание и образование и неговото воспитно-образовно дејствување, со психо-физичкиот развој на децата, индивидуалните и возрасни можности и особености на децата, како и со потребите и барањата на семејствата.

2. **ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА**

Појдовни основи за организирање на дејноста-работата на ЈДГ"8 Март " на општина Кисела Вода во град Скопје се:

- ~len 168 od Zakonot za za{tita na decata (Sl.vesnik na RM 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2015, 10/2015 и 25/2015);
- Програма за рано учење и развој ( Сл. весник на Р.Македонија бр. 22/13, 12/14 од 06.03.2014г.)
- Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0-6 години возраст, документ изработен од МТСП на Р.македонија о канцеларијата на УНИЦЕФ;
- Основи на демократија – пат кон отворено општество;
- Условите кои ги обезбедува градинката за реализација на целите, задачите и програмските содржини;
- Позитивните искуства и резултатите кои ги постигнал ЈДГ"8 Март" на општина Кисела Вода во град Скопје во повеќегодишниот период на плодна згрижувачко-воспитна и образовна активност;
- Најновите педагошко –психолошки научни сознанија за детските развојни и интелектуални потенцијали;
- Педагошко-психолошка литература за развој на детето до поаѓање во училиште.

Добро организираното воспитание и образование на децата од предучилишна возраст преставува концепт кој треба да биде заснован на добри и јасно прецизирани принципи од причина што овој сегмент од детското образование и воспитание е од голем општествен интерес. Оттаму, се е насочено кон подобрување на условите за практична апликација на хуманистичко-педагошкиот и психолошки правец кој е во функција на развој на хумана, креативна , слободна и творечка личност.

Имајќи ги предвид практичните согледувања од досегашната примена на повеќе иновативни воспитно-образовни елементи и програмски остварувања на тоа поле, во ЈДГ,

во текот на 2014/2015г. се реализираа стратегии и педагошки акции, се во насока на создавање и градење на институција во рамките на која децата ќе престојуваат безгрижно, удобно, ќе растат и ќе се развиваат во вистински личности кои ќе се карактеризираат со безброј позитивни особини.Кога станува збор за апликација на хуманистичко-педагошкиот и психолошки правец во работата на нашата установа , со други зборови би значело дека поголем акцент се посветува на личноста на детето во живеењето во едно семејство и во работата на предучилишната утанова.

Имено минатата година целокупната работа се темелеше на :

- **Перманентно обезбедување на кадар (особено во рамките на воспитните групи) , состојба која сериозно во текот на годината ја доведуваше во реален дизбаланс секојдневната работа, згрижување и безбеден престој на децата во воспитните групи;**

- Обезбедување на средства за финансирање и кадар кој преку АПВ ќе биде ангажиран за работа во установата;

- Спроведување на програмата за волонтерство согласно Годишната програма за волнирање за 2014/2015г., како и спроведување на одредбите од Законот за трансформација на лицата ангажирани со волонтерски статус во лица во редовен работен однос;

- Наспроти состојбите со кадар установата се соочуваше со сериозен проблем околу згрижување (запишување ) на нови деца, пред се заради големата бројка(број со надминат норматив) на деца кои веќе се запишани во градинка.Во таа насока градинката во многу наврати во текот на минатата година писмено се обрати со барање за добивање согласност за надминат лимит во групите, но од за нас непознати причини за истото не е добиено повратен одговор.

  Во насока на постигнување на целите од овој сегмент од работењето во текот на изминатата година беа превземени следниве чекори:

  - Опремување на просториите(занималните) со нова дидактичка опрема се во насока на создавање на максимално добри услови за престој на децата во градинка;
  - Спроведување на јавна набавка за перманентно и сукцесивно одржување и поправка на постоечкиот мебел (училишна опрема, детски столчиња, столчиња за ранење на деца од јаслена возраст, РЕКС – креветчиња, бебешки кревети, плакари и сл.), се со цел заштеда и домаќинско работење;
  - Оплеменување, освежување и перманентно одржување на внатречниот ентериер со цел поудобен , поздрав и хигиено-технички високо задоволителен простор за престој на децата во градинка;
  - Отварање на нов капацитет за згрижување, воспитување и образование на деца во нас. “Припор“;

- **Реализација на воспитно-образовни активности во рамките на установата од типот:**
  - Куклени прествави;
  - Театарски преставиi;
  - Натпревари и квизови;
  - Гостувања на надворешни лица (соработници) во градинката;

- Приредби, дружеа и хепенинзи;
- Ликовни конкурси и работилници;
- Реализација на проекти со препорака од начето ресорно министерство – МТСП на Р.Македонија;
- Реализација на стручно –едукативни активности и други форми на работа во рамките на планираното во Развојниот план на установата;

- **Реализација на воспитно-образовните активности надвор од установата од типот:**
  - Посети, прошетки и гостувања во институциите од најразличен тип;
  - Посета на библиотеки;
  - Посета на стоматолошки ординации;
  - Посета на училишта;
  - Посета на театар за деца и младинци;
  - Посета на центарот на градот и сите споменици и останати знаменитости;
- **Реализација на активности од областа на екологијата и воопшто пошироката природна средина која не опкружува и која треба да ја сакаме и чуваме;**
  - Установата и во текот на целата измината година преку реализацијата на Програмата “ Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем“- ОХО и преку многубројни активности, многу активно, креативно, содржински поткрепено, осмислено и потпомогнато од страна на тогаш актуаелниот ВД директор- Г.Ѓа Снежана Кливановска, педагогот Г.ѓа Мира Ѓорѓиевска и координаторот на Програмата Г.ѓа Мирјана Китановска, планираше и реализираше активности поврзани со екологија, здрава животна средина и љубовта кон неа и за истото ќе има посебен извештај во продолжение на текстот.

    Споменатиот проект содржински беше имплементиран во Годишната програма за работа на установата за 2014/2015г. со однапред подготвен план за реализација на воспитно образовната работа како и реализација на еко-активности со пошироката околина и надлежните органи и институции.

## Активности кои се реализираа во рамките на ЕКО проектот:

ПРИЛОГ 6.

**СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА**
**учебна година 2014/2015**

**Датум: 30.06.2015.**

**Учесници во следењето и евалауцијата:**

| Бр. | Име и презиме | Институција/функција | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Мира Ѓорѓиевска | ЈДГ „8 Март"/ претседател на Еко-одбор | | 1 |
| 2 | Снежана Сотироска | Општина Кисела Вода / зам.претседател на Еко-одбор | | 1 |
| 3 | Мирјана Китановска | ЈДГ „8 Март" / координатор на Програмата | | 1 |
| 4 | Оливер Петрушевски | Родител / зам. координатор | 1 | |
| 5 | Габриела Стојановска | ЈДГ „8 Март"- директор | | 1 |
| 6 | Васка Кузмановска | ЈДГ „8 Март" / записничар | | 1 |
| 7 | Миљан Николоски | Родител / член | 1 | |
| 8 | Марија Спасовска | ЈДГ „8 Март" / член | | 1 |
| 9 | Клеј Бутемер | НВО LinkAcross / член | 1 | |
| 10 | Маја Бошковска | ЈДГ „8 Март" / член | | 1 |
| 11 | Љубица Стојановска | ЈДГ „8 Март" /член | | 1 |
| **ВКУПНО** | | | **3** | **8** |

**ЕКО-СТАНДАРД 1. Заштеда на енергија**
**Полиса: Рационално користење на електричната и топлинската енергија.**
**Цели: Намалување на потрошувачката на електрична енергија за 10% во споредба со претходната година.**

| Точки на акција | | Преземени активности | Индикатор | Постигнати резултати | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 1. Замена на сите светилки со енергетско штедливи светилки | - Состанок на Еко-патрола и Еко-одбор<br>- Упатства за постапување<br>- Разговор со хаусмајсторот за користа и опасноста од електричната енергија<br>-Обработка на текст„Неговата светлост-електричар"<br>-Посета на продавница за електро опрема<br>-Ден на акција | -Реализирано со 10 деца, 10 членови на Еко-одбор<br>-1 упатство<br>-Реализирано со 23 деца, 1 хаусмајстор, 1 воспитувач<br>-Реализирано со 23 деца, 1 хаусмајстор, 1 воспитувач<br>-Реализирано со 23 деца, 1 хаусмајстор, 1 воспитувач<br>-50 светилки сменети | -Донесена Одлука за смена на постоечките светилки со енергетско штедливи<br>-Изготвено упатство за постапување<br>-Запознавање со користа и опасноста од електрична енергија<br>-Запознавање со професијата електричар<br>-Запознавање со различни видови на сијалици<br>-Сменети 50 светилки | 0 ден., фирма ангажирана на тендер од страна на Министерство за економија |
| 2. | 4.План за намалена потрошувачка на изворите за греење-рационално | -Состанок со „Топлификација-инженеринг" ДООЕЛ Скопје<br>-Изработка на План за намалена потрошувачка | - Договор (10-141/2, од 06.09.2013)<br>-План<br>-Реализирано со 25 деца | -Договор со „Топлификација-инженеринг" ДООЕЛ Скопје<br>-Изготвен План за намалена потрошувачка | 0 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | користење и планирање на изворите за греење | -Разговор со децата за необновливи и обновливи извори на енергија<br>-Подготовка на флаер и плакат | -Изготвени 25 флаери и 1 плакат | -Децата се запознаени со изворите на енергија<br>-Информирани родители | |
| 3. | 6.Редовно чистење на прозорците (еднаш неделно) за максимално искористување на сончевата енергија | -Разговор за користа од сончевата енергија<br>-Обработка на текстот „Трите мечиња“<br>-Работна акција, бришење на прозорци<br>-Разговор за постигнатите резултати | -Реализирано со 20 деца<br>-Реализирано со 20 деца<br>-Реализирано со 20 деца, 1 воспитувачка, 1 негувателка, 3 жени од тех. персонал<br>-избришани 5 прозори | -Децата се запознаени со користа од сончевата енергија<br>--обработен текст<br>-избришани прозори | 0 ден. |
| 4. | 7.Истакнување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија | -Разговор за електричната и топлинската енергија<br>-Обработка на текстот „Малата болна светулка“<br>-Ликовна работилница „Изработка на Упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија“<br>-Истакнување на Упатствата | -Реализирано со 23 деца<br>-Реализирано со 23 деца<br>-12 упатства | -Децата се запознаени со користа од сончевата енергија<br>--обработен текст<br>- Изработени и поставени упатства | 0 ден. |
| 5. | Формирање на Еко-патрола (група мна деца) вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие активности | -Разговор за корист од штедење на енергија<br>- Разговор и формирање на Еко-патрола<br>-Проверка на Еко-патролата | -Реализирано со 20 деца<br>-Еко-патрола – 12 деца и 2 учителки<br>- исклучени3 светилки | - Децата се информирани за користа од штедење<br>-Формирана Еко-патрола<br>-Исклучени сите непотребно уклучени светилки и апарати | 0 ден. |

Споредба на потрошувачка на енергија за три месеци од тековната година, со истите во претходната:

| | Месец | Година | kWh | Месец | Година | kWh |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Електрична енергија** | јануари | 2014 | 17997 | јануари | 2015 | 15373 |
| | февруари | 2014 | 16792 | февруари | 2015 | 15183 |
| | март | 2014 | 16063 | март | 2015 | 14719 |

| | Месец | Година | м3/ l | Месец | Година | м3/ l |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Топлинска енергија** | јануари | 2014 | 44900 | јануари | 2015 | 33186 |
| | февруари | 2014 | 27982 | февруари | 2015 | 32297 |
| | март | 2014 | 21504 | март | 2015 | 14618 |

*Заклучок:*

-Најзначајна придобивка за воспитно-образовниот процес е фактот што кај децата се изгради висок степен на свесност за значењето на енергијата, зошто треба да се штеди и како да се користат природните извори на енергија.
-Во однос на финансиски придобивки за градинката, значаен податок е заштедата на енергија во однос на претходната дури за 10,9 %.
-Да истакнам дека со капиталната инвестиција во 2012/2013 за зголемена енергетска ефикасност на одделни објекти на градинката, успеавме да заштедиме дури 54,7 % електична енергија, па во однос на таа година, 2013/2014 продолжуваме со заштеда дури за 10,9%, што е исклучително голем успех, а оваа година со изградбата на нов енергетско ефикасен објект, заштедата се зголеми за додатни 9%.
-Градинката продолжува со намерата за обезбедување средства за реновирање и на останатите објекти и зголемување на енергетската ефикасност.

**ЕКО-СТАНДАРД 2. Заштеда на вода**
**Полиса: Рационално користење на водата.**
**Цели: Намалување на потрошувачката на вода за 10% во споредба со претходната година.**

| **Точки на акција** | | **Преземени активности** | **Индикатор** | **Постигнати резултати** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 1. Анализа на состојбата на водоводната инсталација (цевки, славини, казанчиња и слично) | -Состанок со Еко-одбор<br>-Анализа на водоводна инсталација<br>-Разговор за важноста од штедење вода<br>-Изработка на симбол „капка“<br>-Проверка од страна на Еко-патрола<br>-разговор со хаусмајстор | -записник, 10 члена присутни<br>-6 члена<br>-28 деца<br>-28 изработени капки<br>-проверени 12 купатила<br>-1 записник, 12 слики | -реализиран состанок<br>-реализирана анализа на терен<br>-реализирана восп.-образ.активност<br>-изработени симболи<br>-патрола на терен<br>-направен записник и фотографии | 0 ден. |
| 2. | 2.Замена и санирање на сите нефункционални чешми во зградата | -Разговор за важноста од штедење вода<br>-Подготовка за отстранување на дефектите<br>-Соработка со хаусмајсторот<br>-Спроведување на акција | -реализирано со 23 деца<br>-информирани 24 родители<br>-проверени 20 чешми<br>-сменети 14 | -децата се запознаени со потребата од штедење<br>-информирани родители<br>-проверени сите чешми<br>-сменети чешми | -44.395 ден. Кумулативно (чешми, казанчиња, додатни елементи и средства) |
| 3. | 3.Замена и санирање на тоалетните казанчиња со нови штедливи тоалетни казанчиња | -Обработка на текст „Аш, вода“<br>-Подготовка на флаер<br>-Проверка на тоалетни казанчиња<br>-Спроведување на акција | -реализирано со 23 деца<br>-информирани 24 родители<br>-проверени 20 казанчиња<br>-сменети 8 | -децата се запознаени со потребата од штедење<br>-информирани родители<br>-проверени сите казанчиња<br>-сменети казанчиња | -44.395 ден. Кумулативно (чешми, казанчиња, додатни елементи и средства) |
| 4. | 5.Истакнување на упатства за рационално користење на водата | -Разговор за важноста од штедење вода<br>-Осмислување и подготовка на апликации и упатства за штедење на вода<br>-Спроведување на акција | -29 деца<br>-18 апликации и 29 детски цртежи<br>-18 упатства залепени | -реализиран разговор<br>-изготвени апликации<br>-истакнати упатства и цртежи | 0 ден. |
| 5. | 7.Формирање на еко-патроли вклучени во реализација на точките на | -Разговор за корист од штедење на вода<br>- Разговор и формирање на Еко-патрола<br>-Проверка на Еко- | -реализирано со 29 деца<br>-10 члена<br>-6 купатила<br>-1 записник | -стекнати сознанија за користа од штедење<br>-формирана Еко-патрола<br>-извршена проверка<br>-Изготвен записник | 0 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | акција, кои ќе го следат, надгледуваат и го контролираат процесот на имплементација на овие активности | патролата<br>-Подготовка на извештај | | | |

* додајте редови по потреба

Споредба на потрошувачка на вода за три месеци од тековната година, со истите во претходната година:

| Точки на акција | | Преземени активности | Индикатор | Пост |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 1. Анализа на состојбата на водоводната инсталација (цевки, славини, казанчиња и слично) | -Состанок со Еко-одбор<br>-Анализа на водоводна инсталација<br>-Разговор за важноста од штедење вода<br>-Изработка на симбол „капка“<br>-Проверка од страна на Еко-патрола<br>-разговор со хаусмајстор | -записник, 10 члена присутни<br>-6 члена<br>-28 деца<br>-28 изработени капки<br>-проверени 12 купатила<br>-1 записник, 12 слики | -реал<br>-реал<br>терен<br>-реал<br>обра<br>-изра<br>-патр<br>-напр<br>фото |
| 2. | 2.Замена и санирање на сите нефункционални чешми во зградата | -Разговор за важноста од штедење вода<br>-Подготовка за отстранување на дефектите<br>-Соработка со хаусмајсторот<br>-Спроведување на акција | -реализирано со 23 деца<br>-информирани 24 родители<br>-проверени 20 чешми<br>-сменети 14 | -деца<br>потро<br>-инф<br>-пров<br>-смен |
| 3. | 3.Замена и санирање на тоалетните казанчиња со нови штедливи тоалетни казанчиња | -Обработка на текст „Аш, вода“<br>-Подготовка на флаер<br>-Проверка на тоалетни казанчиња<br>-Спроведување на акција | -реализирано со 23 деца<br>-информирани 24 родители<br>-проверени 20 казанчиња<br>-сменети 8 | -деца<br>потро<br>-инф<br>-пров<br>казан<br>-смен |
| 4. | 5.Истакнување на упатства за рационално користење на водата | -Разговор за важноста од штедење вода<br>-Осмислување и подготовка на апликации и упатства за штедење на вода<br>-Спроведување на акција | -29 деца<br>-18 апликации и 29 детски цртежи<br>-18 упатства залепени | -реал<br>-изго<br>-иста<br>цртеж |
| 5. | 7.Формирање на еко-патроли вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и го контролираат процесот на имплементација на овие активности | -Разговор за корист од штедење на вода<br>- Разговор и формирање на Еко-патрола<br>-Проверка на Еко-патролата<br>-Подготовка на извештај | -реализирано со 29 деца<br>-10 члена<br>-6 купатила<br>-1 записник | -стек<br>кори<br>-фор<br>-извр<br>-Изго |

* додајте редови по потреба

Споредба на потрошувачка на вода за три месеци од тековната година, со истите во претходната година:

| | **Месец** | **Година** | **м3** | **Месец** | **Година** | **м3** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вода** | јануари | 2014 | 1317 | јануари | 2015 | 603 |
| | февруари | 2014 | 3530 | февруари | 2015 | 617 |
| | март | 2014 | 824 | март | 2015 | 883 |

*Заклучок:*

- Децата се свесни за потребата од рационално користење на водата во градинките, училиштата, дома. Го сфаќаат значењето и потребата за вода како неопходна потреба.
-Градинката во однос на 2013/2014 успеала да ја намали потрочувачката на вода за 43,2%, со помош на навремено констатирање на проблемие во водоводната инсталација, корекција и инсталирање на нови чешми и казанчиња
-Во иднина потребна е санација и во останатите објекти, имајќи предвид дека градинката е стар повеќе од 35 години.

**ЕКО-СТАНДАРД 3. Одржување на зградата и здрава внатрешна средина**
**Полиса: Здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење.**
**Цели: Обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето и градинката.**

| **Точки на акција** | | **Преземени активности** | **Индикатор** | **Постигнати резултати** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | 1. Ослободување од непотребните предмети во зградата (скршени клупи, саксии, вазни, стари и исушени цвеќиња, хартија и слично) | -уредување на занималната, ослободување од стара хартија<br>-информирање на родителите<br>-соработка со родители-работилница | -собрани 24 списанија и весници, 24 боенки<br>-24 информирани родители<br>-изработени 2 оригами лебеди, 10 бротчиња, 24 еко-капи, 15 жапчиња | -собрана стара хартија<br>-усно информирање на родители<br>-изработени оригами украси | 0 ден. |
| **2.** | 2.Чистење на ходниците, канцелариите, занималните и фискултурната сала со различни крпи | -обработка на стих. „Чистата Маре"<br>-разговор со техн. Персонал<br>-Еко-патрола во акција | -22 деца ја совладаа<br>-опфатени 4 лица од тех. перс. И 22 деца<br>-1 занимална, 1 купатило, 1 ходник | -научена стихотвор.<br>-треализиран интерактивен разговор<br>-Исчистена занимална, купатило и ходник | 0 ден. (тековна набавка на хигиенски средства) |
| **3.** | 5.Разубавување на ходниците, канцелариите и занималните со цвеќе | -куклена претстава „Животот е поубав со мене"<br>-Договор за носење одлука за садење на сакциско цвеќе<br>-Информирање на родителите<br>-Работна акција „Сите бои на природата"<br>-украсување на градинката | -следеа 62 деца<br>-1 одлука<br>-информирани 65 родители<br>-засадени 48 саксиски цвеќиња<br>-збогатени 5 ходника, 5 занимални, 5 влезови, 1 сала | -реализирана куклена претстава<br>-донесена одлука<br>-информирани родители<br>-реализирана акција<br>-украсена градинка | 0 ден. (донација од родители, воспитувачи, негуватели, директор, педагог) |
| **4.** | 6. Истакнување на упатства за одржување на зградата и здрава средина во градинката во сите простории | -Разговор за важноста на здравата средина<br>-Осмислување и подготовка на апликации и упатства за одржување на зградата<br>-Спроведување на акција | -29 деца<br>-18 апликации и 29 детски цртежи<br>-18 упатства залепени | -реализиран разговор<br>-изготвени апликации<br>-истакнати упатства и цртежи | 0 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | 8.Формирање на Еко-патрола вклучена во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие активности | -Договор за донесување одлука за формирање на Еко-патрола<br>- Формирање на Еко-патрола<br>- Еко-патрола во акција | - 1 одлука<br>-13 деца, 2 воспитувачи<br>-проверени 5 занимални, 5 тоалети, ходници, перална | -Донесена одлука<br>-Формирана Еко-патрола<br>-извршена контрола за хигиена во градинката | 0 ден. |

Податоци за отстранети непотребни предмети од зградата:

| | **Предмети** | **Број** | **Реупотребени (број)** | **Добиени средства (продажба)** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Врати | | | |
| 2. | Прозорци | | | |
| 3. | Клупи | | | |
| 4. | Столчиња | 8 | 0 | 0 ден. |
| 5. | Табли | | | |
| **ВКУПНО** | | **8** | **0** | **0 ден.** |

Податоци за селекција и продажба на отпад:

| | **Отпад** | **kg** | **Реупотребени (kg)** | **Број на поставени корпи** | **Добиени средства (продажба)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Хартија | 9 | 9 | 6 | 0 ден. |
| 2. | Пластика | | | | |
| 3. | Стакло | | | | |
| **ВКУПНО** | | **9** | **9** | **6** | **0 ден.** |

Податоци за набавка на еколошки средства:

| | **Средства** | **Број** | **Вид/производител** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Хигиенски | | | |
| 2. | Еко-бои | | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

Податоци за хортикултурно уредување на зградата:

| | **Садници** | **Број** | **Одржани (број)** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Саксиски цвеќиња | 48 | 35 | 0 ден. |
| 2. | Жардињери | 17 | 17 | 0 ден. |
| **ВКУПНО** | | **65** | **65** | **0 ден.** |

*Заклучок:*

-Децата знаат дека е потребно обезбедување на здрави услови за работење и престој во градинката, како и здрава и чиста средина за учење и работење.
-Градинката многу нормално продолжува со понатамошно беспрекорно одржување на хигиената, обезбедувајќи здрава и чиста околина за децата и вработените.

**ЕКО-СТАНДАРД 4. Уреден и еколошки двор**
**Полиса: Уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина.**
**Цели: Функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кои престојуваат во училиштето и градинката.**

| Точки на акција | | Преземени активности | Индикатор | Постигнати резултати | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Отстранување на непотребни и нефункционални предмети и растенија од дворот | -Договор за отстранување на непотребни...<br>-Усен и писмен разговор со ОКВ<br>-Спроведување на работна акција „Здрави дрвја“<br>-Драмско-акциона игра „Живеалишта за птици“<br>-Договор за работилница<br>-Информација за родителите<br>-Работиница „Куќички за птици“ | -1 Одлука<br>- 1 барање<br>-Искосена целата зелена површина, искастрени 15 листопадни и 4 зимзелени садници<br>-6 работници, 25 деца, 1 воспитувач и 1 негувател<br>-25 деца<br><br>-информирани 25 родители<br>-24 деца, 30 родители на работилница<br>-12 куќички | -донесена одлука<br>-Доставено барање до ОКВ<br>-Спроведена акција<br>-успешно реализирана игра<br>-информирани родители<br>-реализирана работилница | 0 ден.<br>Документ за соработка со ОКВ, фотографии, Документ за соработка со ЈП„Паркови и зеленило“ - Скопје |
| **2.** | 2. Садење на локални дрвја на секои 5 м2 | -Разговор за користа од дрвјата и значењето на „Св. Ден на дрвото“<br>-Подготовка на флаер<br>-Информирање на родителите за заедничка акција<br>-Ден на акција | - 67 деца<br>- испечатени 120 флаери<br>-информирани 65 родители<br>-засадени 50 садници<br>-учествуваа 65 деца, 42 родители, **Претседател на РМ со сопругата, Градоначалник на ОКВ,** 2 пратеници, 6 советници, 12 воспитувачи, директор, педагог, градинар, хаусмајстор | -Информирани деца за полезноста од дрвјата<br>-изготвен флаер<br>-Информирани родители<br>-Спроведена акција | 0 ден.<br>(Донација од ОКВ и Претседател на Р: Македонија) |
| **3.** | 4.Садење на локални цвеќиња | -Разговор и запознавање со значењето на „Св. Ден на екологија“<br>-Информирање и соработка со родители<br>-Ден на акција | -60 деца<br>-60 родители информирани усно<br>-засадени 58 цвеќиња<br>-60 деца, 102 родители, 4 воспитувачи, 1 градинар, 1 хаусмајстор учествуваа | -Стекнати сознанија<br>-информирани родители<br>-спроведена акција | 0 ден. |
| **4.** | 6.Поставување и означување на корпи за органско ѓубре, за хартија и за пластика | -Договор за континуирано користење на корпи за отпадоци<br>-Ликовна работилница „Моето место е во корпа за отпадок“<br>-поставување на корпите и цртежите на воочливо место | - 26 деца<br>-изработени 26 цртежи<br>-поставени 20 корпи за отпадоци | -Реализирана активност<br>-реализирана работилница<br>-поставени корпи | 0 ден. |
| **5.** | 9.Редовно чистење на дворот | -Запознавање со видови дрвја<br>-Говорна игра „Дрвото ни раскажува“ | - 23 деца<br>-23 деца<br>-23 деца, 1 воспитувач, 1 негувател | -стекнати сознанија<br>-реализирана говорна игра<br>-Спроведена раб. | 0 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | -Работна акција „Чист и еколошки двор“ | | акција | |
| **6.** | 10.Одржување на зеленилото (редовно кастрење на зеленилото и косење на тревата) | -Разговор за работата на градинарот<br>-Разговор со градинарот<br>-Договор за полевање на дрвјата и цвеќињата, косење на трева | - 22 деца<br>-22 деца, 1 градинар, 1 воспитувач<br>-полеани и окопани 28 дрвја, искосен тревник, полеани цвеќиња | - реализиран разговор<br>-реализиран разговор<br>-реализирана акција | 0 ден. |
| **7.** | 13.Истакнување на упатства за одржување на дворот | -Разговор за уреден и еколошки двор<br>-Обработка на текстот „Мите и лошите другарчиња“<br>-Ликовна работилница „Изработка на Упатства за уреден и еколошки двор“<br>-Истакнување на Упатствата | -Реализирано со 23 деца<br>-Реализирано со 23 деца<br>-12 упатства | -Децата се запознаени со доблестите од чистата околина<br>--обработен текст<br>- Изработени и поставени упатства | 0 ден. |
| **8.** | 15.Формирање на Еко-патола вклучена во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и ќе го контролираат процесот на имплементација на овие активности | -Договор за донесување одлука за формирање на Еко-патрола<br>- Формирање на Еко-патрола<br>- Еко-патрола во акција | - 1 одлука<br>-15 деца, 2 воспитувачи<br>-1 записник, 5 форографии | -Донесена одлука<br>-Формирана Еко-патрола<br>-извршена контрола во дворот на градинката | 0 ден. |

* додајте редови по потреба

Податоци за остранети непотребни предмети од дворот:

| | Предмети | Број | Реупотребени (број) | Добиени средства (продажба) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Клупи | | | |
| 2. | Корпи | | | |
| 3. | Спортски реквизити | | | |
| 4. | Жардињери | | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

Податоци за хортикултурно уредување на дворот:

| | Садници | Број | Одржани (број) | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Цвеќиња | 58 | 50 | 0 ден. |
| 2. | Дрва | 35 | 27 | 0 ден. |
| 3. | Грмушки | 15 | 8 | 0 ден. |
| **ВКУПНО** | | **108** | **85** | **0 ден.** |

Податоци за опременост на дворот:

| | Предмети/опрема | Број |
|---|---|---|
| 1. | Корпи | 20 |
| 2. | Клупи | 20 |
| 3. | Компостер | / |
| 4. | Спортски терени | 3 |
| 5. | Куќарки за птици | 12 |
| **ВКУПНО** | | **55** |

Податоци за одржување на оградата:

| | Датум на оградување | Санација | Потрошени средства |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |

*додајте редови по потреба

Податоци за одржување на зеленилот:

| | Вид | Број | Собрани l вода |
|---|---|---|---|
| 1. | Бурињa за собирање дождовница | / | / |
| 2. | Систем капка по капка | / | / |
| 3. | Систем за собирање на дождовница | / | / |
| 4. | Бунар за техничка вода | / | / |
| **ВКУПНО** | | / | / |

*Заклучок:*

-Децата ја усвоија потребата од уреден и еколошки двор, начинот на кој сите ние можеме да дејствуваме за да обезбедиме одржлив развој и здрава и сигурна планета.

-Свесни сме и одговорно тврдиме дека со сите расположливи средства се залагаме за функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кои престојуваат во градинката, особено за децата. Уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина.

**Изготвил:**
**Мирјана Китановска, координатор на Програмата за ЈДГ „8 Март“, Скопје**

- **Практикување транспарентно и јавно презентирање на работата на установата**
  Многу често, во текот на годината преставници од установата (директор, педагог, воспитувачи и негователи заедно со децата од групите кои ги водат) беа поканувани и гостуваа во емисии на нашите медиуми при тоа презентирајќи ја работата на установата од сите можни аспекти(организациски, едукативно—воспитен, програмски, иновативно-инвентивен, прогресивен и аспект на голема соработливост и вклученост на родителите во поголем дел од сегментите на работењето на установата.
  Во континуитет продолжи искористувањето на капацитетот на ВЕБ страната на градинката каде во целост и максимално се презентираше сето она кое се случува, работи и реализира во установата.
  Преку дописи, писма , известувања, анализи и сл(самоиницијативно или на барање од страна на за нас надлежните институции) установата во голема мерка даде отчет за своето работење, реализации, просторни и кадровски капацитети за прифаќање на работата со децата од предучилишна возраст.
- **Подобрување на условите за работа во сите објекти под управа на ЈДГ“8 Март“ на општина Кисела Вода во град Скопје**

Во континуитет, во текот на целата измината година, продолжија активностите во насока на одржување на постоечките услови за работа согласно со сите прописи правила за добро работење и добар и здрав престој на децата во градинка.

Одржувањето на објектите, како и минатата година, беше ставено на терет на самофинансирачката сметка на установата каде можностите за финансирање на некакви поголеми зафати е практично многу мала и незамислива и се сведува само на санирање на најургентните состојби кои за жал во текот на ова година ги имаше многу.

Имено,поголем дел од нашите објекти се стари повеќе од 33 години и во истите, особено електричната и водоводната инсталација се премногу стари и дотраени и од тие причини имавме појава на многу дефекти (пукање на водоводни цевки, попуштање на стари и дотраени вентили, полнење на шахти со вода, потпалување на дел од стара-дотраена инсталација и сл.) особено на водоводната инсталација во објектите и надвор во дворовите.

Заради лошите временски услови, честите и поројни врнежи во текот и на есенскиот период, установата се соочи со сериозни проблеми на прокиснување на покривот во објект "Расадник"( дел од покривот кој и покрај интервенцијата од страна на Цементара "Титан"- Усје и со несебична помош и ангажман на Г.ин Оливер Трајковски , на наше барање, заради немање доволно средства остана несаниран) и во објект "Пеперутка 1 и 2".Нашите апели и барања до локалната самоуправа и до ресорното министерство - МТСП на Р.Македонија и покрај тоа ,што продолжија во континуитет не вродија со плод, така да установата и во овој изминат период се соочува со сериозни проблеми околу кровната конструкција во погоренаведените објекти.

- **Перманентно одржување на тревниците и садниците во дворовите на сите објекти;**

Перманентното одржување на дворовите успеавме да го спроведеме преку нашите вработени Ђ градинари (работно место кое во институцијата преставува сериозен проблем од аспект што лицето кое работи на одржување на дворот во објект "Пеперутка 1 и 2" веќе замина во пензија, лицето од објект "Пржино" е пред заминување во пензија , а за одржување на дворовите во објектите "Расадник" , "Ѕуница" и вСтапалчег воопшто немаме согласност за ангажирање на лице на тоа работно место) кои иако се во премал број, сепак со својата трудољубивост, добра организација и потпомагање со дел од останатите вработени (хигиеничари ,хаус-мајстор и еден градинар-волонтер) успеваа да одржат позитивен континуитет во работата.

Во контекст на ова упатуваме голема благодарност до Г.ин Маријан Стојанчевски од општинската администрација, кој во секој момент и на секое барање од страна на директорот на установата излегуваше во пресрет на барањата, помагајќи & на установата во обезбедување работна сила и механизација за добро и квалитетно средување на дворовите.

Во поглед на уреденоста на дворните површини,конкретно може да се размислува и да се дефинира што е сработено во следниве насоки:

- Одржување и уреденост на тревните површини заедно со песочниците;
- Одржување на постоечките реквизити;
- Одржување на оградата на дворовите и поправка на истата;

Во текот на целата измината година веќе е реализирано :

- Веќе секој од објектите располагаат со своја косилица и дополнителен алат за работа и одржување на дворовите;
- Хортикултурно уредување на просторот околу објектите што значи дека во континуитет се обрнува внимание на уреденоста на просторот околу објектите на тој

начин што редовно се одржува хигиената на дворовите,тревата, песочниците, жардиниерите, дрвјата и грмушките редовно се кастрат и одржуваат;

- Направена е набавка на семе за трева, како и ѓубриво за потхранување на цвеќиња и ќе се пристапи кон позеленување на оштетените површини на дворовите , како и кон средување и наѓубрување на цвеќињата.
- Со иницијатива и донаторство од страна на родители чии деца се згрижени во установата беа донираа овошни садници, како и зимзелени садници донација од страна на Цементарница Усје вТитанг и Град Скопје и истите беа насадени низ сите дворови на установата;

  Главна порака која постојано се упатува до родителите како наши корисници и непосредни соседи е дека игралиштата и реквизитите треба да се чуваат, дека реквизитите и игралишттата се за сите и во секое време ќе бидат достапни за сите и дека само на тој начин ќе може да се размислува за понатаму, за иднината и за нови инвестиции.
- Оградите се цел на уништување од страна на граѓаните кои свесно ја оштетуваат оградата со цел да добијат некаква вскратена патека за движењег низ нашите дворови.
  - Опремување на објектите со :
    - Опрема-дидактички материал(во буџетот за 2015г. планирани се средства за набавка на дидактика, но од направената промена на одговорно лице на установата , до месец Август /2015г. не е реализирана планираната јавна набавка);
    - Опремување со опрема за музика и забава (ЦД плеери);
    - Опремување со стручна и детска литература;
    - Опремување со училишен мебел;

- Активна работа на педагог и логопед

Педагогот е лице кое е со постојан работен однос во рамките на нашата установа и истиот во континуитет, по принцип на испланирана, осмислена и целисходна работа ги посетува сите објекти кои се под управа на нашата установа.

Во рамките на своето работење покрај работите и работните задачи наведени во Правилникот за систематизација на работните задачи , педагогот реализира и многу други активности кои се во интерес на педагошката работа на установата, напредокот на децата, советувањето на родителите, едукација на вработените, самостојно креирање на документација за подобра, квалитетно средена и планско-осмислена документација, која во многу наврати се потврди како добар пример како за останатите установи така и за надлежни институции со кои перманентно соработуваме.

Согледувајќи ја објективната состојба во насока на зголемен обем на работа( број на воспитни групи дупло повеќе од двесет групи, голем број на објекти, енормна бројка на надминат лимит на деца во воспитните групи) установата ќе пристапи кон проширување на педагошката служба со прерспоредување на уште едно лице на работно место педагог.

Логопедот е лице кое е со постојан работен однос во рамките на нашата установа и истиот во континуитет, по принцип на испланирана, осмислена и целисходна работа ги посетува сите објекти кои се под управа на нашата установа.

Во рамките на своето работење покрај работите и работните задачи наведени во Правилникот за систематизација на работните задачи , логопедот реализира и мноштво други активности кои се во интерес на исправување на можните говорни отстапувања кај децата ,советувањето на родителите, едукација на вработените.

- Воведување на волонтери

Установата, согласно донесениот и актуелен Закон за волонтерство, во рамките на содржината на минатогодишната Годишна програма за работа, меѓу другото, осмисли посебна програма за ангажирање на волонтери кои директно и непосредно беа вклучени во работата со деца, под менторство на наши вработени кои инаку се со статус на редовно вработени лица.

Имено, во документот кој е пропишан за вработените одредени за ментори во работата и ангажирањето на волонтерите дефинирани се најклучните момент од типот:

- Одговорности, обврски и задолженија;
- Период на ангажирање во текот на работната недела;
- Основни правила содржани во етичкиот кодекс на однесување;
- Професионалност во работата, комуникацијата и соработката со родителите, тимска работа со вработените, тимска работа во самата група каде се ангажирани;
- Сугестии по однос на превенција т.е. заштита при работа;
- Правила и хиерархија во комуникацијата со претпоставените;
- Дисциплина и редовност во работата(периодот на волонтирање);
- Вклучување во работата на стручните органи на установата;
- Вклучување во реализација на проекти кои потекнуваат од установата , но и останати кои со одобрение на ресорното министерство ги реализиравме во текот на минатата учебна година;
- Обврска на менторите да достават писмени извештаи за квалитетот на работата, ангажираноста и посветеноста на волонтерите во рамките на волонтерскиот стаж;

Установата со секој од кандидатите волонтери подеднакво и рамноправно ја спроведува постапката:

- На поднесување на барања за волонтирање во нашата установа;
- Задолжителен санитарен преглед и отварање санитарна книшка;
- Потпишување на договор за волонтерство;
- Отварање и заверување на волонтерска книшка;
- Исплата на месечно , според закон, дозволен надомест;
- Задршка на надоместот во случај на оправдано, најавено и со документ поткрепено отсуство на волонтерот;
- Писмена коресподенција и достава на известувања од страна на управата на установата;
- Перманентно следење на работата(ангажманот) на лицата ангажирани како волонтери на редовно одржуваните седници на Стручен совет на ниво на установата;

Генерално , установата за целата измината година може да се пофали со многу позитивни, успешни и потврдени искуства во рамките на процесот на ангажирање на волонтери.Покажано и потврдено е високо ниво на професионалност, коректност и успешност во периодот на ангажирање на волонтерите.За целиот период на нивно ангажирање до раководниот орган на установата нема достасано никаква жалба, забелешка или незадоволство на некој родител или вработен по однос на нивниот ангажман, работа и сл.

Во текот на целата измината година ,по месеци, беше ангажирана следнава бројка на волонтери:

- Месец Септември/2014 г.------------------ 13 волонтери

- Месец Октомври//2014 г.-------------------- 16 волонтери
- Месец Ноември //2014 г.--------------------- 15 волонтери
- Месец Декември//2014 г.--------------------- 14 волонтери
- Месец Јануари/2015 г.---------------------- 13 волонтери
- Месец Февруари/2015 г.--------------------- 17 волонтери
- Месец Март /2015 г.--------------------- 13 волонтери
- Месец Април/2015 г.--------------------- 13 волонтери
- Месец Мај /2015 г.--------------------- 13 волонтери
- Месец Јуни /2015 г.--------------------- 13 волонтери
- Месец Јули/2015 г.--------------------- 13 волонтери
- Месец Август/2015 г. ---------------------------13 волонтери

Со донесувањето на Законот за трансформација во редовен работен однос Сл.весник на Р.Македонија бр. 20 од 12.02.2015г. , за лицата Ђволонтери кои според насоките дадени од страна на МТСП на Р.Македонија не ги исполнуваа условите за нивно транформирање, веднаш престана ангажманот во рамките на установата од причина што во моментот немаше , и се уште нема , формирано Регистар за евидентирање на волонтерите.Останатите волонтери се опфатени со процедурата за трансформирање на нивниот работен однос кој е во процедура.

Општина Кисела Вода во соработка со УНДП ангажира 4 лица на работно место негователи и истите се распоредени во нашите објекти.

Установата и во иднина, согласно со законските правила и прописи би ја поддржувала политиката за волонтеризам на различни структури и профили на кадар.

- **Работа и соработка на директорот на установата како надворешен соработник во креирањето на измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата и Правилник за стандарди и нормативи за вршење на дејноста на детските градинки.**

Директорот на установата - Г.ѓа Снежана Кливановска, во комуникација и соработка со Секторот за заштита на децата при ресорното министерство-Министерство за труд и социјална политика на Р.Македонија во многу наврати во текот на годината соработува, се консултира, бара и дава мислења и сугестии по однос на тековната работа, актуелните закони, имплементацијата на правила, прописи и правилници за работење.

Таквата честа комуникација и соработка , беше причина , директорот на установата да биде повикан како надворешен соработник во креирањето на измените и надополнувањата за Законот за заштита на децата и Правилникот за стандарди и нормативи за работа на предучилишните установи како стручно лице кое долги години(целиот работен стаж) го има поминато во предучилишна установа и кој ќе може да ги пренесе и во голема мерка проектира своите досегашни искуста во новите документи кои беа предмет на работа.
Во работната група имаше преставници и од други две ЈДГ.

Воедно директорот на установата, Снежана Кливановска ,од самиот почеток беше вклучена во работната група, како преставник од ЈДГ во осмислувањето и креирањето на проект за изработка на софтверско решение кое треба да се воведе во сите ЈДГ на ниво на Р.Македонија, се со цел да се воспостави целосна електронска евиденција на педагошката работа и евиденција на установата, евиденција на кадарот, а веќе во наредната фаза и евиденција на финансиското работење, сето финансирано и со поддршка на УНИЦЕФ и МТСП на Р.Македонија.

Директорот, Кливановска Снежана , инициraше и со согласност дадена од МТСП на Р.Македонија отпочна реализација на пилот проект насловен вПревентивно здравствени и безбедни реформи и зајакнување на образовниот капацитет на вработените во детските градинки во Р.Македонијав.

Посебно задоволство преставуваше фактот што се направи голем исчекор во насока на консултирање и почитување на мислењата, ставовите и сугестиите од страна на лица кои се непосредно поврзани со праксата и од каде можат да се извлечат многубројни практични искуства.

Новоизлезениот Закон за Заштита на децата и неговата содржина е потврда за тоа дека во голема мерка се прифатени сугестии од наша страна , онака како што во праксата и секојдневната работа највеќе соодветствува.

- Работа на стручно усовршување на кадарот преку стручни теоретски предавања подготвени од стручните соработници;
  1. Посета на саем вПертинив Ђ Р.Србија и стручно Ђ научно предавање на тема вГрадинката што ја сакам-градинката што ја знам (подготвено од педагогот на установата);- ЈГв8 Мартв се стекна со плакета за успешна и долгогодишна соработка (посета педагог и директор)
  2. вПримена на стандардите за рано учење и развој за возрасни групи на деца до 2 год. в- МТСП на Р.Македонија и канцеларија на УНИЦЕФ;(следење од педагог, директор и негователски кадар)
  3. Најнови измени во Законот за работни односии новиот предлог закон за прекршоци- семинар во организација на Стопанска Комора на Р.Македонија реализиран во НР Бугарија-(посетено од директор, педагог(во својство на претседател на УО на градинката, правник и аналитичар евидентичар);
  4. Теоретско предавање од Мр.Миле Гиновски на темав Правилниот детски развој фокусиран врз фактори на ризикв;(директор, педагог, вопитувачи, негователи, родители и гости- соработници од други ЈДГ )
  5. Теоретско практично предавање на темавЗдравата храна во раниот детски развојв Ђ предаваш Г.Ѓа Цвета Динева;(директор, педагог, воспитувачи, негователи, вработени во кујна родители , друг персонал и гости- соработници од други ЈДГ);
  6. Дополнителна обук за СРУР за негователи во јаслени групи и негователи во дел градинка;инсеминација на кадарот од страна на педагогот на установата;
  7. вРефлективна педагогија- предизвик за квалитетен воспитувачв- проф. Лена Дамчевска Алабашовска (директор, педагог, вопитувачи, негователи, родители и гости- соработници од други ЈДГ );
  8. Работилница на тема вИнклузија во раното детство , предизвици и перспективив- МТСП на Р.Македонија и канцеларија на УНИЦЕФ
  9. вМенаџирање на работното место в Ђ продолжување на претходно реализираната тема вБрендирање на дејноста во ЈДГв- проф. Панче Јовановски (директор, педагог, вопитувачи, негователи, родители и гости- соработници од други ЈДГ );
  10. Инклузија во раното детство Ђпредизвици и перспективив Ђ следено од три воспитувачи, инсеминација на кадарот од страна на трите воспитувачи под надзор на педагогот на установата;

11. в Проценка и идентификација на потребите за рано учење кај деца со потешкотии во развојот како продолшение на обуката за инклузија во раното детство- МТСП на Р.Македонија и канцеларија на УНИЦЕФ;
12. Конференција за прва годишна еколошка обука Ђ Мировен Корпус од МКД и МОН на Р.Македонија;
13. вПревентивно здравствени и безбедни реформи и зајакнување на образовниот капацитет на вработените во детските градинки во Р.Македонијав.- МТСП на Република Македонија, НВО ILИНКАКРОСТв- сето на иницијатива и предлог на Директор Снежана Кливановска;
14. Обука за работа на компјутерска апликација за водење на педагошката евиденција;(следена од Снежана Кливановска-надворешен соработник на МТСП на Р.Македонија и НИЦФ во креирањето на овој софтвер и педагог Мира Ѓорѓиевска)- задача за натамошна инсеменација на кадарот;
15. вИзмени во законската регулатива Ђ сметководствов - Економко правен консалтинг ФВ; (следена од Грозданка Драгановска);
16. вШто е ново во јавните набавкив Ђ Институт за бизнис образование КОНЦЕПТ; (следена од Анѓица Иванова и Габриела Стевковска);
17. вЗакон за админитративни службеници и закон за вработените во јавниот секторв; (следена од Снежана Кливановска и Анѓица Иванова);
18. вПодготвителни работи за пописв - Економко правен консалтинг ФВ; (следена од Грозданка Драгановска);
19. вИзготвување на Актот за систематизација на работни местав Ђ Министерство за информатичко општество и администрација (следена од Анѓица Иванова);
20. вНовини во јавните набавкив Ђ Совет за ЈН, Биро за ЈН и Комисија по жалби по ЈН (следена од Анѓица Иванова и Габриела Стевковска);
21. вЗавршна сметкав Ђ ВФ консалтинг Скопје (следена од Грозданка Драгановска);
22. вРабота со информацискиот систем за управување со човекови ресурсив - Министерство за информатичко општество и администрација (следена од Анѓица Иванова и Габриела Стевковска)

Ангажманот на тимот на стручни соработници во установата , ќе биде перманентен и заснован, како и до сега, на принцип на работа кој значи договарање, консултации, користење стручни мислења и литература, разговори и средба со родители на деца кои цениме за потребно да бидат викнати и консултирани, евидентирање на направените постапки и сл.

## 3. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈДГ

### Просторни услови

Основач на ЈДГг8Мартг на општина Кисела Вода во град Скопје е општина Кисела Вода- Скопје.

Установата , во периодот на изработка на овој Годишен извештај управува и располага со следниве објекти:

- Објект вПржиног Ђ ул.гКавалскаг бр.3
- Објект вРасадникг Ђ ул. вХристо Татарчевг бр. 45 (управа)
- Објект вПеперутка 1г Ђ ул.гРатко Митровиќг бр.4

- Објект вПеперутка 2г Ѐ ул.гРатко Митровиќг бр.4
- ОбјектгЅуницаг Ѐ с. Драчево
- Објектв Стапалчев нас. Припор
- Група во други просторни услови вЗеленикаг Ѐопштина Зелениково

Објект вПржиног

Овој објект од типот вСончогледиг изграден во 1979 година и се наоѓа на ул. вКавалскаг бр 3. Вкупната површина изнесува: под објект 1242 м2 и дворна површина од 6001 м2.

Севкупната погоре наведена квадратура е искористена и распоредена по следните простории:

- групни простории за игри, активности и дневни оброци;
- кабинети за воспитно - образовниот кадар и административни простории;
- кабинет (канцеларија) со компјутерска опрема;
- сала за повеќе намени;
- простор за детски гардероби;
- тријажна просторија;
- ВЦ простории и купатила;
- лекарска соба;
- изолациона соба;
- кујна ;
- перална;
- подрумски простории со котлара и скривница;
- тераси за престој на децата во летниот период;
- целосно опремено детско игралиште ;
- тревни површини засадени со многу дрва(природна сенка);

Затоплувањето во објектот вПржиног се реализира со нафта - локално. Објектот е опремен со потребни основни средства и ситен инвентар како и дидактички средства сообразени со детската возраст.

Објект вРасадникг

Овој објект е лоциран на на ул. вСава Ковачевиќг бр 45. Има вкупна површина од, под објект 1534 м2, и двор 6777м2.

Севкупната погоре наведена квадратура е искористена и распоредена по следните простории:

- групни простории за игра, активности и дневен одмор;
- кабинет за згрижувачкиот и воспитниот кадар;
- кабинет (канцеларија) со компјутерска опрема;
- сала за повеќе намени;
- ВЦ простории и купатила;
- тријажна просторија;
- простор за детски гардероби;
- лекарска и изолациона соба;
- административни простории;
- тераси за престој на децата во летниот период;
- централна кујна;
- перална Ѐ периодично и за потребите на другите објекти;
- магацини за прехрамбени артикли и за средства за хигиена;
- простории за хауз - мајстор и други подрумски и нус простории;
- опремено игралиште за деца сместено во дворот на установата;

- тревни површини засадени со многу дрва(природна сенка);

**Објект вПеперутка 1г**

Овој објект е од тип вСончогледиг изграден 1964 год. и се наоѓа на ул.гРатко Митровиќг бр.4. Вкупната површина (за двата објекти во нас. Драчево) изнесува, под зграда 2456 м2 и двор 9419 м2 од кои оптимално се искористени следниве простории:

-групни простории за игри ,активности и дневни оброци;
-кабинети за воспитно-образовниот кадар и административни простории ;
- простор за детски гардероби;
- тријажни простории;
- кујна ;
- тераси за престој на деца во летниот период;
- комплетно опремено игралиште за деца сместено во дворот на установата;
- тревни површини засадени со многу дрва(природна сенка)
- лекарска и изолациона соба;

Затоплувањето во двата објект (вПеперутка 1 и 2г) се реализираше со нафта - локално.Во текот на летниот период со средстава на општина Кисела Вода се пристапи кон промена на едниот котел кој ќе работи на био гориво.

По однос на опременоста со ситен инвентар како и дидактички средства сообразени со детската возраст во текот на минатата година , но и оваа година во континуитет продолжува набавката на сето она што се појавува како потребно во работењето.

Опременоста со потребниот ситен инвентар,како и друг вид на опрема во континуитет продолжува с# со цел да се постигне како дидактичко така и ентериерно уредување на нашите објекти.

**Објектот вПеперутка 2г**

Овој објект е изграден во 1979 год. и се наоѓа на ул.гРатко Митровиќг бр 4.
Вкупната површина на објектот изнесува 1.200 м2. Овој објект располага со:

- групни простории за игри,активности и дневни оброци;
- кабинет за воспитно-образовниот кадар;
- кабинет (канцеларија) со компјутерска опрема;
- тријажни простории;
- помошна кујни;
- подрумска просторија со котлара и скривница;

**Група во други просторни услови вЗеленикаг Ђопштина Зелениково**

Групата во други просторни услови вЗеленикаг општина Зелениково е отворена 2008г. во рамките на ОУгМарко Цепенковг Ђс.Зелениково.
Групата во други просторни услови располага со вкупна квадратура од 300 м2.
Загревањето на овој објект е индивидуално- на парно на струја.

**Објект вЅуницаг**

Овој објект е отворен и отпочна со работа на 01.05.2013г. Истиот лоциран е во дворот на ОУгСв.Климент Охридскиг во простор кој ОКВ целосно го преуреди, реновира и догради. Вкупната површина на објектот е 300 м2. Дворната површина која се користи од наша страна е во фаза на дефинирање и е обврска на ОКВ.
Објектот располага со следниве простории:

- Занимални
- Тоалети наменети за деца
- Тоалети за вработени
- Кабинет за вработените
- Изолационен простор

- Помошна кујна
- Ходник кој по должината ги поврзува сите простории Ѕзанимални
- Влез со тријажен дел
- Тераса пред влез
- Рампа за влез

  Загревањето на објектот не беше предвидено во изработениот проект.Загревањето ќе го обезбеди установата со набавка на инвертори.

**Објект вСтапалчег**

Овој објект е отворен и отпочна со работа на 02.02.2015г. Истиот лоциран е во нас. Припор во дворот на подрачното училиште на ОУгКруме Кепескиг во простор кој ОКВ целосно го преуреди, прошири , реновира и догради.
Вкупната површина на објектот е 300 м2.
Објектот располага со следниве простории:

- Занимални
- Повеќенаменска просторија
- Тоалети наменети за деца
- Тоалети за вработени
- Кабинет за вработените
- Изолационен простор
- Амбуланта
- Помошна кујна
- Ходник кој по должината ги поврзува сите простории Ѕзанимални
- Влез со тријажен дел
- Тераса пред влез
- магацинска просторија
- Рампа за влез

Загревањето на објектот е еколошко и индивидуално.

**Детски катчиња (Центри на активности)**

Во секоја од просториите, занималните, каде се згрижуваат деца, како и во салите кои наизменично во текот на денот се на располагање на сите воспитни групи, во континуитет продолживме со опремување на просторот т.е. центрите со многубројна, разновидна и високо квалитетна дидактика и друг вид игровен материјал за забава, едукација и развивање на основните вештини кај децата.

Во секоја од занималните , согласно програмата по која се работи се организирани и отворени следниве центри:

- ликовен;
- конструктивен;
- семејно - драмски;
- литературен;
- манипулативен;
- сообраќаен;
- истражувачки (во средните и големите групи);

По потреба и зависно од темата која се работи, се оформуваат и други непостојани катчиња, како што се:

- етнолошко катче;
- математичко катче;

- музичко катче;

- еколошко катче и сл.

Во континуитет продолживме со опремување на салите со поголеми реквизити за игра и забава( куќички, клацкалки, кошови и сл.) со што се даде придонес во збогатувањето на содржината на салите и просторот во нив.

Воопшто, салите се сосема солидно опремени со елементарни детски спортски реквизити, како што се: лизгалка, клацкалки, шведска клупа, рипстол, монтажни и статични кошеви, како и поситни реквизити кои се користат за игра и рекреација и реализација на активностите по физичко воспитување.

Покрај реквизитите во салите во сите објекти се сместени и по едно пијано за изведување на музичките активности и јавните и интерните приредби и прослави.Веќе набавениот синтисајзер кој истовремено ќе се користи и во занималните за индивидуални активности, од страна на музичарот, по иницијатива на директорот на установата, се искористи за средување и доопремување со материјалот за активности од областа на музиката.

Исто така во салите се сместени и ТВ приемниците со ЦД плеери за следење детски забавни и научни ТВ емисии, како и куклените театарчиња за реализација на куклени претстави подготвени од воспитувачите и од децата.

Во поголем дел од групите ,со донација на родителите веќе има ТВ апарати и ДВД плеери.

## Аудио - визуелни средства и други технички помагала

Градинката располага со следните аудио - визуелни средства и други технички помагала:

- ЦД-плеери;
- ТВ приемници ;
- ЛЦД прожектор;
- ДВД плеери ;
- Компјутери ;
- Лаптоп - целосно покриен административен дел, како и носители на големи проекти во установата;
- дигитални фотоапарати
- дигитална камера
- фотокопир
- видео-камера

## Стручна литература, стручни списанија и списанија за деца

Градинката располага со соодветен библиотечен фонд, кој во текот на минатата година се збогати со нова стручна литература и периодика.

При нејзиниот избор примарно се внимаваше новите книги да се практични и корисни, односно стручно да го надградуваат кадарот и да послужат како ориентир во спроведувањето на воспитно - образовната дејност. Со оглед на тоа што во ЈДГ постои литература за креативноста, за начините на планирање, за третманот на детската личност и слично,и оваа година ја продолживме практиката на обезбедување на стручна литература.

Библиотечниот фонд со целата стручна литература и детските сликовници постојано и непречено беше на располагање на кадарот. Дел од литературата, набавена во последните неколку години се разгледуваше и на состаноците на стручните тела за чија разработка беше задолжен поголем дел од кадарот.

Во однос на детските списанија, по желба на родителите, повеќето деца се претплатени на списанието

- вРосицаг и "Смешко"

Особено е збогатен библиотечниот фонд во новоотворениот објект вЅуницаг , и вСтапалчев за каде целокупниот износ од вредносни писма кои ги добиваме од страна на вПросветно делог беа наменети за набавка на литература за деца и стручна литература.

Истите се користеа при реализирањето на воспитно Ђ образовните активности заради негување љубов кон пишаниот збор и стекнување навики за користење списанија, а се користеа и во вид на работни листови во поголемите групи, согласно концепцијата на самите списанија.

## 4.ПОСТАВЕНОСТ

ЈДГ во текот на годината обезбеди оптимални услови за работа со децата, преферирајќи ги притоа индивидуалните специфики на секое дете посебно, неговите потреби, способности, интереси и сл.

Работното време на градинката беше од 6.00 часот до 18,00 часот во сите објекти. Полудневниот престој се реализираше во терминот од 7,30 ч односно 8,00 до 11,00 односно 12,00 ч, во зависност од видот на оброкот за кој се определиле родителите, а родителите можеа да се определат и за игралната како форма на престој, и своите деца да ги носат во терминот од 8.30 часот до 11.00 часот.

- Прием, слободни игри, утринска гимнастика--------------- од 06.00ч. до 08.00ч.
- Појадок ------------------------------------------------------------ од 08.00ч. до 09.00ч.
- Насочени активности ------------------------------------------ од 09.00ч. до 11.00ч.
- Слободни активности------------------------------------------ од 11.00ч. до 12.00ч.
- Ручек --------------------------------------------------------------- од 12.00ч. до 13.00ч.
- Одмор-------------------------------------------------------------- од 13.00ч. до 14.30ч.
- Слободни игровни активности ------------------------------- од 14.30ч. до 16.00ч.

## 5.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКИТЕ ЈАСЛИ И ГРАДИНКАТА

### Организација на животот и работата во детските јасли

Работата со децата од детските јасли ја реализираа негователи во соработка со директорот и педагогот и одговорните воспитувачи со група . Таа опфаќа нега, исхрана и развој од сите аспекти на децата од 9 месеци до 2 годишна возраст, кои се изведуваа преку организирани воспитно - образовни и игрови активности, згрижувачки и превентивни здравствено - воспитни активности.

Згрижувачко - воспитната дејност во детските јасли се реализираше исклучиво целодневно, со сите деца, кои беа распоредени во 11 групи - хомогени според својата возрасна структура. Сите единаесет групи реализираа програма активности според годишната програма изработена од педагогот на установата.

Согласно програмската поставеност на јаслените групи, возрасната хетерогеност, како и најновите психолошко - педагошки сознанија за раниот развој на децата, во згрижувачко - воспитната работа со нив, понагласен беше индивидуалниот приод, аплициран во практиката според однапред подготвени годишни, периодични и дневни планови.

Како и претходните години, така и последнава стручната служба на установата , особено по однос на јаслените групи вложи голем напор и наспроти тоа се покажаа позитивни резултати во насока на :

- добра, квалитетна и успешна адаптација на децата во јаслените групи;
- добар, плански осмислен распоред на примање на ново запишаните деца со давање на период за адаптација на децата;
- добро организиран период на адаптација со задолжително присуство на родител или друг близок на детето;
- добра здравствена контрола на ново запишаните деца како и на оние кои беа присутни при адаптацијата;

- добра, успешна и соработлива комуникација со родителите на децата;
- добри стручни насоки од страна на педагогот на установата во насока на организирање на времето кое се поминува со децата и евидентирање на истото во посебни тетратки за евиденција, с# според Годишен план за работа во јаслените групи;
- солиден ангажман на установата за подобрување и опремување на условите во јаслените групи како и групите градинка;

Во текот на годината бројот на децата во детските јасли драстично се зголемуваше,додека во моментов и на листа на чекање најголем дел од таа бројка се токму деца од ова возраст.

Организација на животот и работата во детската градинка

Воспитно - образовната дејност со децата од 2 години до поаѓање во училиште (делот градинка) ја реализираа воспитувачи и негуватели, во консултација со директорот и педагогот, и одговорните воспитувачи со група.

Реализацијата на воспитно - образовната работа се одвиваше преку следните форми:
- целодневен престој;
- играна, односно престој во градинка од 9.00 ч до 11,00 ч. без користење оброци.

Децата беа згрижени во воспитни групи според нивната возраст, и тоа:

| | |
|---|---|
| Јасли ------------------------------------------ | 11 групи |
| Прва Мала ------------------------------------------ | 7 групи |
| Втора мала ---------------------------------------- | 8 групи |
| Средна ------------------------------------------ | 8 групи |
| Голема ------------------------------------------ | 9 групи |
| Група во други прост.услови мешана --- | 1 група |
| **ВКУПНО:** | **44 групи** |

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Позначајни карактеристики на реализираната работа во детските јасли

Во детските јасли се практикува индивидуален приод во работата, негата и згрижување на децата. Содржините за работа се одраз на детските интереси, потреби и желби. Согласно со тоа, во детските јасли активностите почесто се менуваа во текот на денот и траат пократко.

Тие се одликуваа со поголема динамика и раздвиженост во просторијата за групен-заеднички престој, соодветно на нивните потреби за слободно движење низ просторот , комуницирање и манипулирање со предметите од околината. Воспитно - образовната дејност со нив е проследена со љубов и разбирање, со што физичкиот контакт на негувателите со секое дете е одраз на искажана љубов и внимание.

Во детските јасли, покрај другото големо внимание се посветува на пасивната и активната гимнастика, музичките активности, сензо - моторните, перцептивно - сознајните активности, говорните активности, развој на моториката и сл.

Установата во организациона смисла посвети особено внимание на неколку значајни сегменти во работењето во јаслените групи како:

- опремување и декоративно оплеменување на просторот;
- сукцецивност во динамиката на примање на деца од оваа возраст ;
- присатност на родителите во процесот на адаптација на нивните деца;

- едукација на родителите преку претходно подготвени флаери , ВЕБ Ђ порталот и друг вид информатори;
- индивидуални средби и разговори;
- подготовка и презентирање на материјали од стручно-едукативен карактер за подобар и поквалитетен приод во работата со деца од оваа возраст ,но и со нивните родители;

**Реализација на посебните аспекти од воспитно образовниот процес**

Покрај интегралната разработка на сите програмски воспитно - образовни подрачја, при реализацијата на воспитно - образовниот процес се обрна внимание и на следните аспекти:

- работно воспитание;
- развој на здравствено - хигиенски и културно - хигиенски навики;
- културно - информативно и спортско - рекреативна дејност;
- еколошко воспитание.

**Работно воспитание**

Работното воспитание на децата се аплицираше во секојдневниот воспитно - образовен процес со нив, преку следните активности:

- уредување на просторот и средување на играчките;
- активирање во воспитно - образовните и животните активности;
- поделба на обврски меѓу сите членови на групата (деца и возрасни);
- посета и контакти со соодветни лица и институции, запознавање со различни професии и активности на возрасните;
- играње игри на улоги и имитативни игри;
- презентирање модел на идентификација (примерот на возрасните):
- соодветни акции во дворот на градинката;
- разработување различни содржини: приказни, песни, драмски текстови;
- реализирање активности за самопослужување и помагање на другите и сл.;
-развивање на љубов и интетрес кон одредени професии како и разбирање на тежината и спецификата која секоја работа и ангажман ја носат со себе;

Преку овие, како и многу други активности кај децата се дејствуваше врз:

- создавање работни навики;
- осамостојување во самопослужувањето од различен вид;
- создавање потреба за активирање;
- поттикнување на самоиницијативноста;
-градење љубов и потреба од работа како позитивен став кон ефектите од работата;
- запознавање и прифаќање на сопствените можности и потреби;
- создавање позитивни емоции, задоволство по завршената работа.

**Развој на здравствено - хигиенски навики**

Со цел поуспешно да се воспитуваат и развиваат здравствено - хигиенските и културно - хигиенските навики кај децата, во ЈДГ се презедоа мерки на следните нивоа:

- конкретно преземени здравствени и хигиенски мерки;
- превземање на вонредни и интервентни мерки по однос на состојби кои се актуелни во средината во која се живее;
-Давање писмени насоки и укажувања до вработените и родителите од страна на директорот на установата по однос на здравјето, здравата средина за престој на децата и сл.;
- воспитно - образовно дејствување врз децата заради заштита на сопственото и туѓото здравје и заштита на околината;
- стручно усовршување на кадарот за создавање здравствено - хигиенски и културно - хигиенски навики кај децата.;

-активно спроведување на донесените и од страна на Влада на Република Македонија препорачаните обврски за изработка и имплементирање на Акциони планови за заштита на населението (децата, вработените, родителите) во услови на превисоки и прениски атмосферски температури.
Установата во целост ги спроведе и вклучи во пракса сите добиени насоки и заклучоци, делегираше задолженија, одговорности и насоки за постапување кои до овој момент се покажаа како целисходни, практични и соодветни на актуелните услови на работење.

-Оваа година продолжи со практикување програмата за орална превенција кај децата од големите и средните групи Ђ Проект в Национална стратегија за превенција на оралните заболувања кај деца до 14 год. возраст во Р.Македонија за периодот 2008 Ђ 2018 г.г , која како и останатите досега спроведени активности беше иницирана од страна на Влада на Р.Македонија , а спроведена во пракса од Министерството за здравство на Р.Македонија.Имено до нас беа доставени четкички и пасти за заби кои децата , по претходно добиена согласност од родителите, требаа да ги користат додека се во градинка, по конзумирање на оброците;

Културно - хигиенските и здравствено - хигиенските навики се воспитуваа континуирано во текот на целиот престој на детето во градинката, односно низ различните видови воспитно - образовни содржини и низ реализацијата на животните активности на детето. Секако, во текот на годината и преземените мерки од страна на возрасните претставуваа модел на дејствување врз сопственото и туѓото здравје (проветрување на просториите, редовна промена на постелнината, редовно миење на рацете, користење на течен сапун и средство за дезинфекција на рацете, уредување на просторијата, уредност и култура при исхраната и сл.).

За стручно усовршување на кадарот по однос на овој вид воспитно - образовно дејствување се реализираа чести разговори, консултации, размена на искуства меѓу кадарот, како и консултација и презентација на стручна литература и често во текот на годината од страна на директорот беа давани инструкции и насоки за работа и постапување во писмена форма.

**Културно - информативна и спортско - рекреативна дејност**

Културно - информативната и спортско - рекреативната дејност во ЈДГ беше редовно спроведувана преку различни форми на воспитно-образовно дејствување. За таа цел беше реализирана редовна соработка со родителите на децата и со околината воопшто, како и редовни посети на институции од различен вид.

Со однапред предвидени задачи и содржини кај децата редовно се поттикнуваше потребата од следење на културните збиднувања и од учество во нив, а се создаваа и навики за спортско и рекреативно искористување на слободното време.

Покрај учеството на јавни и културни манифестации и спортско - рекреативни активности, кое е опишано во соодветниот дел од Извештајот, со децата редовно се водеа разговори на таа тема, се спроведуваа различни хоби - активности, се изведуваа гимнастички вежби, се изработуваа книги, збирки и календари во групите, се следеа корисни и практични ТВ емисии на таа тема, се водеа разговори за различни видови музика, се посетуваа театри, галерии, библиотеки, се организираа ликовни атељеа, сообраќајни катчиња, редовно се користеа фискултурните реквизити, се посетуваа институции од различн вид и сл.

Оваа година продолжи со реализација проектот вСпорт за сите децаг финансиран од страна на општина Кисела Вода , а наменет за сите деца од 3 години па натаму во сите објекти на нашата установа.Во рамките на овој проект дипломирани професори по физичка култура во координација и соработка со воспитувачкиот негувателскиот кадар еднаш неделно реализираа активности во основа прилагодени кон возраста и капацитетите на децата.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Во ЈДГ в8 Мартг на Општина Кисела Вода во град Скопје, здравствената заштита на децата беше целосно препуштена на одговорност, спремност и максимално ангажирање на директорот на установата и воспитно-негувателскиот кадар.

Установата не располага ниту со лекар ниту со главна мед.сестра .Од наша страна, во неколку наврати ,поднесени се барања до ресорното министерство -МТСП на Р. Македонија со цел да н& се даде согласност за ангажирање на лица за споменатите работни места ,но таква согласност с# уште немаме добиено.

Во текот на изминатата година континуирано беше извршуван санитарно - хигиенски увид на кујнските простории, начинот на нивно чистење и одржување, начинот на чистење на приборот за јадење и подготвување на храната, начинот на подготвување и составот на храната, како и нејзина дистрибуција до децата; санитарно - хигиенски увид на санитарните јазли и просториите каде децата престојуваат, нивното чистење, проветрување, одржување и чистење на играчките, постелнината и нејзиното менување.

Во 2009г. установата заврши со целосна имплеметација на HACCP стандардите, при тоа целосно реновирајќи ја централната кујна како и санирајќи ги кујните во останатите објекти.Централната кујна е олицетворение на идеално опремен простор за работа и подготовка на храна кој стана и пример за добра кујна на останатите установи во градот и пошироко.По направената нумерација на чешмите во сите објекти во континуитет продолжи постапката на испитување на квалитетот на водата во Завод за здравствена заштита .

Континуирано беше следена здравствената состојба на децата и благодарение на навремено превземени против - епидемиолошки мерки, немаше ширење на заразни заболувања.

При приемот на нови деца беа доставувани лекарски потврди од страна на матичниот лекар на детето за неговата здравствена состојба и вакциналниот статус,негативни резултати од земени брисеви од нос и грло од детето и од лицето кое ќе престојува во установата во периодот на адаптација на децата,како и брисеви после подолготрајно отсуство на децата од градинка, беа отварани и водени досијеа на детето.

Ние, како установа во која нема ангажирано соодветно медицинско лице, но и водени од желбата и иницијативата дека обезбедените брисови се во интерес на здравјето на децата и превенцијата исто така околу нивното здравје, и понатаму стоиме на ставот дека брисот е неопходен.Сепак, должни сме да ги почитуваме насоките од МТСП на Р.Македонија, кои сега за сега се дадени во усна форма од причина што и тие чекаат писмен одговор(мислење) од народниот правобранител до кого е доставена преставка од еден родител кој ценел дека во градинките не треба да се бара доставување документ за земен брис од нос и грло.

Беа направени редовни и планирани систематски прегледи, при што сукцесивно беа опфаќани децата од сите објекти.

Беше направен и систематски стоматолошки преглед од страна на д-р Љупка Поповска при што беше утврден голем процент на кариес и таквите деца беа упатувани на стоматолог.

Во соработка со Институтот за рехабилитација на говор и слух контролирана е состојбата на говорот и слухот кај децата кои се во годината пред поаѓање на училиште, од страна на логопеди и аудиолози, при што децата кај кои се забележани аномалии беа упатувани на понатамошна работа со нив во истиот Институт.

Во соработка со центарот за слух и говор во градинката се реализираа логопедски индивидуални вежби водени од стручно лице-логопед.

Во континуитет се следат и применуваат препораките од д-р Славица Дробњак.

## КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Во текот на 2014/2015 година реализирана е богата јавна и културна дејност преку отвореност на градинката кон семејствата, соработка со училиштата, преку посети на различни институции и установи, средби со значајни личности, куклени претстави и слично.

Соработка со родители

Во интерес на успешната соработка со семејствата, на почетокот на годината беше усвоен годишен план за таа цел. Тој беше разгледуван на ниво на стручните тела и на ниво на родителски средби.

Планот ги предвиде следните форми на соработка:

- формални и неформални индивидуални разговори со родителите;
- средби со родители на новопримени деца;.
- општи и групни родителски средби;
- индивидуални средба на родителите со стручниот тим на установата и со директорот;
- учество на родителите во воспитно - образовниот процес, преку раскажување случки, приказни, песни, презентација на професии, изработка на играчки, подготовка на приредби, прослави на родендени, учество во разновидни акции, учество на родител во едукација на други родители и сл.;
- посета на работното место на родителот;
- посета на семејствата дома;
- приредби и прослави пред родители;
- писмено комуницирање со родителите;
- педагошка едукација;
- попладневни средби и дружења, работилници и сл.

Најчести и најуспешно реализирани форми беа индивидуалните контакти со родителите, средбите со родители на новопримените деца, писмено комуницирање, учеството на родителите во воспитно - образовниот процес, едукацијата на родителите и попладневните средби и дружења.

Писменото комуницирање најчесто се реализираше еднострано од градинката кон семејството преку родителското катче и преку различни видови информации во писмена форма.

Едукацијата на родителите се реализираше преку: стручни написи на влезното пано, изложби на книги за развојот на децата; изложби на фотографии за детскиот живот во градинката, ликовни творби и слично.

Успешна форма на отвореност беше и вклучувањето на родителите во реализацијата на воспитно - обрзовниот процес, односно нивна вклученост во: активностите на децата по катчиња, организирање прошетки, родендени и сл.

Отвореноста на градинката кон семејството, покрај на ниво на установата, се планираше годишно и периодично и на ниво на една воспитна група, а како продолжение од минатите години. Соработката со родителите, благодарејќи на преземените активности и мерки во изминатите години, во текот на оваа година се реализираше уште поуспешно.

Во текот на изминатата година успешно беа изведени попладневните средби и дружења со родителите, на кои тие, заедно со децата и кадарот неформално изработуваа различни предмети од разновиден необликуван и обликуван материјал. Овие активности се документирани на ЦД-ња и фотографии. Изработките и фотографиите беа истакнати на влезот од градинката,како и на нашиот ВЕБ портал како поттик за вклучување на сите семејства. Овие дружења беа поздравени од страна на родителите, кои сугерираа почести средби од тој вид.

На работилниците кои претходеа на хепенинзите родителите изработуваа и твореа заедно со своето дете, ги купуваа изработките заедно со останатите присутни заинтересирани од надвор и гости кои присуствуваа на хепенинзите.

Родителите редовно беа запознавани со целта и дејноста на предучилишниот воспитно - образовен процес, со потребата од отвореност и соработка, начините на соработка и сл. За таа цел, покрај индивидуалните средби (особено со родителите на новопримените деца), на почетокот на годината се одржаа средби со сите родители, каде се протолкуваа наведените елементи и се објасни новиот начин на работа со нив.

Флаерите, поканите, плакатите, медиумите и сл. и оваа година беа искористени како механизам за комуникација и информирање на родителите.

Соработка со училиштата

Во интерес на континуитетот на воспитно - образовното дејствување врз детето, ЈДГ остварува соработка и со основните училишта во непосредната околина.

На почетокот на учебната година беше остварена средба на стручната служба при градинката со стручните служби при училиштата поединечно. Нејзината цел беше размена на искуство за начините на воспитно - образовното дејствување врз децата, неговите содржини, ефектите врз децата и сл. Воедно на тие средби стручните соработници се договараа за можните начини на соработката во текот на годината, разговараа за размена на стручна литература, сознанија и сл.

Во текот на годината беа овозможени посети на училишната зграда и на часови од различен тип, каде децата од големите групи постепено се подготвуваа за престојното запишување во прво одделение.

Како пример на соработка со О.У оваа година може да се истакне соработката со:

- О.У.гКузман Ј. Питуг
- Соработка со ДМБУЦ вИлија Николовски Лујг- новогодишен концерт , како и концерт од нижи музички одделенија на пиано пред децата од објектот "Расадник".
- О.У.гКруме Кепескиг
- О.У.гРајко Жинзифовг
- О.У.гКузман Ј.Питуг
- О.У.гКузман Шапкаревг

Во сите горе наведени посети се присуствувало или на школски час, или на одбележување на јубилеи или патрони празници.

Соработка со други градинки

ЈДГ в8 Мартг Ђ на општина Кисела Вода во Град Скопје, во текот на изминатата година оствари соработка со речиси сите градинки на територијата на Скопје и со градинки низ Републиката. Би ги издвоиле соработките со следниве градинки:

ЈДГ в 13 Ноемвриг, ЈДГг Весели цветовиг, ЈДГгПролет, ЈДГг Раде Јовчевски Корчагинг, ЈДГг Снежанаг, ЈДГвКочо Рацинг, ,ЈДГгФиданиг, ЈДГг25 Мајг, , ЈДГг Ангел Шајчег- Куманово,ЈДГ вБуба Мараг- Скопје,ЈДГ вСрничкаг- Скопје,ЈДГ вРосицаг- Скопје ЈДГгАстибог Ђ Штип, и др.

Освен наведените меѓусебни посети, постојано во текот на годината разменувавме стручни искуства со повеќе градинки од градот и Републиката.

**Соработка со стручни и научни институции, производствени организации, институции од областа на културата и друго**

Преку различни средби и консултации ЈДГ остварува соработка со следните институции:

- Општина Кисела Вода;
- Министерство за труд и социјална политика на Р.Македонија;
- Министерство за образование на Р.Македонија ;
- Биро за развој на образованието на РМакедонија;
- Филозофски факултет - Институт за педагогија;
- Педагошки факултет вСв. Климент Охридскиг - Скопје;
- Стопанска комора на Р.Македонија;
- Завод за ментално здравје;
- Институт за рехабилитација на слух и говор;

- Институт за рехабилитација на деца со оштетен вид;
- Сојуз за грижи и воспитување на децата на Македонија;
- Сојуз за грижи и воспитание на децата на град Скопје;
- Центар за детско ликовно творештво;
-Јавни гласила: МТВ; МТМ ТВ; ТВ Телма, Сител ТВ; Канал 5 ТВ ; ТВ Алфа и весникот "Нова Македонија"и др;

**Јавни манифестации**

Јавната и културна дејност се реализираше во градинката и вон неа, и тоа:

**Следење интерни куклени претстави:**

Во текот минатата учебна година се реализирани вкупно 43 интерни куклени престави и планирањето и евидентирањето за нив е направено во Дневникот за дневно планирање и евидентирање и во Месечните извештаи за воспитно - образовна работа на ниво на сите објекти поодделно.

**Следење на театарски претстави:**

Во текот минатата учебна година се реализирани вкупно 5 театарски престави и планирањето и евидентирањето за нив е направено во Дневникот за дневно планирање и евидентирање и во Месечните извештаи за воспитно - образовна работа на ниво на сите објекти поодделно.

**Следење на натпревари и квизови**

Во текот минатата учебна година се реализирани вкупно 7 најразлични квизови и натпревари кои беа во корелација со реализираните теми и истите се евидентирани во Дневникот за дневно планирање и евидентирање и во Месечните извештаи за воспитно - образовна работа на ниво на сите објекти поодделно.

**Интерни приредби , прослави и хепенинзи**

ОбјектгРАСАДНИКг:

- Приредба по повод започнувањето на новата учебна година
- Приредба по повод 8.Септември
- Приредба по повод одбележувањето на Светскиот ден на болните
- На прошетка низ Скопје (Проект "Скопје низ детските очи")
- Активности по повод Денови на екологијата
- Велигденски хепенинг
- Приредби и работилници по повод одбележување на денот на жените-8. Март
- Приредба по објекти.Тема Ѕсодржина од реализирани проекти ;
- Завршна приредба по повод испраќањето на децата во училиште
- Одбележување на денот вКсантикаг
- Есенска свеченост
- Еко хепенинг "Засади ја својата иднина"
- Маскембал по повод Денот на шегата 1.Април

Објект ПРЖИНО:

- Приредба по повод започнувањето на новата учебна година
- Приредба по повод 8.Септември

- Приредба по повод одбележувањето на Светскиот ден на болните
- На прошетка низ Скопје (Проект "Скопје низ детските очи")
- Активности по повод Денови на екологијата
- Велигденски хепенинг
- Приредби и работилници по повод одбележување на денот на жените-8. Март
- Приредба  по објекти.Тема Ѐсодржина од реализирани проекти ;
- Завршна приредба по повод испраќањето на децата  во училиште
- Есенска свеченост
- Еко хепенинг "Засади ја својата иднина"
- Одбележување на денот вКсантикаг
- Учество на манифестацијата Цртање на плочник по повод празникот Св. Кирил и Методиј
- Маскембал по повод Денот на шегата 1.Април
- Хепенинг "Подарок за мама"

Објект вПЕПЕРУТКА 1 и 2г :
- Приредба по повод започнувањето на новата учебна година
- Приредба по повод 8.Септември
- Приредба по повод одбележувањето на Светскиот ден на болните
- На прошетка низ Скопје (Проект "Скопје низ детските очи")
- Приредба по повод одбележувањето на 13.Ноември
- Активности по повод Денови на екологијата
- Велигденски хепенинг
- Приредба  по објекти.Тема Ѐсодржина од реализирани проекти ;
- Приредби и работилници по повод одбележување на денот на жените-8. Март
- Завршна приредба "Азбука на моето детство"по повод испраќањето на децата  во училиште
- Есенска свеченост
- Одбележување на денот вКсантикаг
- Еко хепенинг "Засади ја својата иднина"(посета на Претседателот на Р. Македонија)
- Маскембал по повод Денот на шегата 1.Април

Објект "Ѕуница":
- Приредба по повод започнувањето на новата учебна година
- Приредба по повод 8.Септември
- Приредба по повод одбележувањето на Светскиот ден на болните
- На прошетка низ Скопје (Проект "Скопје низ детските очи")
- Активности по повод Денови на екологијата
- Одбележување на денот вКсантикаг
- Приредби и работилници по повод одбележување на денот на жените-8. Март
- Завршна приредба по повод испраќањето на децата  во училиште
- Приредба  по објекти Тема Ѐсодржина од реализирани проекти ;
- Одбележување на денот вКсантикаг

- Есенска свеченост
- Маскембал по повод Денот на шегата 1.Април

Група во други просторни услови вЗЕЛЕНИКАг општина Зелениково

- Приредба по повод започнувањето на новата учебна година
- Приредба по повод 8.Септември
- Приредба по повод одбележувањето на Светскиот ден на болните
- Активности по повод Денови на екологијата
- Одбележување на денот вКсантикаг
- Приредба и работилница по повод одбележување на денот на жените-8. Март
- Завршна приредба по повод испраќањето на децата во училиште
- Есенска свеченост
- Маскембал по повод Денот на шегата 1.Април

Одбележување на празници Ђ на ниво на сите објекти:

- Почеток на учебната година;
- 8.Септември;
- 12 Септември ЂСветски ден на забите;
- 28.Септември Ђ Светски ден на срцето;
- 11.Октомври;
- 16.Октомври- Светски ден на здрава на храна;
- 4.Октоври Светски ден на животните;
- Ден на дрвото;
- 13.Ноември;
- Светски ден на болните;
- 8.Декември-Св.Климент Охридски;
- Бадни и Божиќ;
- 8 Март;
- Ден на пролетта,екологијата, шумите и водите;
- Светски Ден на ластовичките;
- Светски Ден на театарот;
- 1.Април;
- Велигден;
- Светски Ден на здравјето;
- Светски Ден на планетата земја;
- Ѓурѓовден-Патронен ден на ОКВ;
- Светски ден на семејството;
- Св. Кирил и Методиј;
- Испраќање на децата од големите групи во училиште

Учество на ликовни манифестации
За сите објекти:

- Ликовен конкурс "Мојата мајка"
- Ликовен конкурс по повор реализацијата на Проектот "Скопје низ детските очи"

**Други активности од јавна и културна дејност:**

- Родителски средби на ниво на сите групи во Септември;
- Учество на манифестација вЦртање на асфалтг по повод Кирил и Методи-ДКЦ Карпош;
- Гостување на Сител ТВ (воспитувач по повод реализација на Детската недела и Еко активности )
- Гостување во Сител ТВ-празнување на 8 Март и презентација на Еко активности
- Следење на презентација од „Просветно дело „
- Посета на ОУ вПартение Зографскиг;
- Прилог во весникот "Нова Македонија"(директорката)
- Гостување на Сител ТВ -(директорката по повод стекнување со Зелено знаме и приредбата "Алиса во зелената земја"
- Гостување во Алфа ТВ во соработка со "Просветно дело"
- Следење на презентација на ОХО проект во ЈДГ 25 Мај;
- Следење на приредба по повод патрониот празник на ЈДГг Весели Цветовиг;
- Следење на приредба по повод патронатот на ЈДГг 13 Ноемвриг;
- Следење на презентација на Еко проект во ЈДГг 13 Ноемвриг;
- Следење на презентација на Еко проект во ЈДГг Буба Мараг
- Следење на приредба по повод 69-от роденден во ЈДГг Весели Цветовиг;
- Следење на завршна приредба во ЈДГ вРосицаг;
- Следење на презентација на проект"Иднината зависи само од нас" во ЈДГг Срничкаг;
- Следење на презентација на проект "Културите,традициите и обичаите" во ЈДГ "Снежана"
- Следење на манифестација-ЕКО Самит по повод добивање на зелено знаме (ОХО проект)
- Учество на саем Пертини Ђдетски играчки во Белград;

## СТРУЧНИ ОРГАНИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

### Стручен совет

Стручниот совет го сочинуваат директорот, педагогот како и преставници ( по еден воспитувач и еден негувател од секој објект) на ЈДГ. Во текот на изминатата година тој ги реализираше следните задачи и активности:

-активно работеше и придонесуваше во осмислувањето и реализирањето како на поставентата годишна програма, така и на извештајот кој произлегуваше од таквите активности;

-градеше стратегија за максимално искористување на просторот наспроти рационалното отварање на групи според расположливиот кадар;

-осмислување на планот и распоредот на кадарот по објекти и групи;

-формирање на групи со укажувања од страна на дефектологот и психологот за присатност на деца со посебни потреби во поедини групи;

- давање насоки(писмени и усни) за значајни прашања од тековното работење;

- спроведување перманентна аналитика на работата и постигнатите резултати;

- спроведување перманентна аналитика на состојбата на деца по воспитни групи како и барање отчет од секој воспитувач и негувател за причината за евентуално испишување на дете од групата во која работата, како и превземање на соодветни мерки;
вање мислења и предлози во поглед на организацијата на работата и условите за работа;

- дефинирање и презентирање на Месечните планови за работа на стручните соработници;

- ги разгледуваше програмите и плановите за работа и превземаше мерки за нивно извршување;

- го разгледа планот за стручно усовршување на кадарот во детската градинка;

- утврдување потреби од игровен, дидактички и друг материјал за работа со деца, како и потреби од основни средства и потрошен материјал за нормално реализирање на дејноста.

-изврши навремено формирање на групите за наредната школска година како и распоред на расположливиот персонал;

-стручно ги анализираше и даваше свои предлози, ставови и размислувања по однос на организирање на работа во оние тимови(групи) каде од здравствени, лични и семејни причини е оценета потреба од помош, с# во интерес на безбеден престој на децата во градинка;

-стручно, осмислено и планирано приоѓаше кон завземање ставови околу проблемите во групата во други просторни услови вЗеленикаг опш.Зелениково;

Стручниот совет се состануваше еднаш месечно( а некогаш и вонредно) и на своите состаноци ги разгледуваше и решаваше и тековните проблеми на градинката.

**Совет на воспитувачи**

Советот на воспитно - образовниот кадар дејствуваше во две насоки:

- усовршување на дејноста на градинката и
- стручно усовршување на членовите на Советот.

Состаноците ги одржуваше еднаш во месецот Ђ по објекти, а по потреба одржуваше групни и индивидуални - консултативни средби.

Стручното усовршување на кадарот се реализираше преку следните форми:

- консултации и разработка на стручна литература;
- теоретски предавања според однапред избрани теми;
- психолошки работилници;
- следење и анализирање на резултатите од работата;
- меѓусебна размена на искуства;
- учество во стручни форми на усовршување вон градинката;
- практично решавање на одредени ситуации;
-информирање за актуелни прашања и разгледување на современи стручно - научни трендови од области на педагогијата , психологијата и дефектологијата;
-иновирање на дејноста.

Главни полиња на разработка на Активот беа:

- усовршување на непосредната работа со децата;
- евалуација и самовреднување;
- решавање на практични ситуации во рамките на Активот;
- развој на програмата за работа со децата;
- јакнење на самодовербата, меѓусебната доверба и толеранција;
- учење стратегии за надминување на актуелните стресни ситуации.

Претставници од Советот на воспитувачи беа присутни на јавните приредби организирани по повод патроните празници на неколку градинки, а своите импресии, запазувања и искуства ги споделија со останатите членови на Советот на воспитувачи.

Целокупно земено, Советот на воспитувачи преку својата работа допринесе за унапредување на дејноста на градинката, воведување на иновативни елементи и успешна соработка како на интерно ниво, така и со надворешни лица, установи и институции.

Совет на негуватели

Во текот на 2013/2014 година Стручниот совет на установата активно ги реализираше активностите со :

- Советот на воспитувачи; и
- Советот на негователки;

Како и досега тој максимално се посвети на: стручно усовршување на членовите на Советот, унапредување на непосредната работа со децата, како и нивно ангажирање и вклучување во изборот, работата и содржината на она што тематски ќе се испланира.

Според новите законски прописи преставници од негувателскиот кадар од секој објект станаа активни членови на Стручниот совет.

Негувателките на секој состанок беа доследно информирани за сите позначајни и актуелни настани и новини во педагошката теорија и практика и беа редовно вклучувани во сите воспитно - образовни активности во градинката.

Едукацијата за различни аспекти на воспитно - образовниот процес се реализираше и преку интерни средби и состаноци со педагогот и психологот и останатите членови на стручната служба во рамките на градинката.

Поголем акцент во работата се обрна на месечното и дневното планирање на попладневните активности.Поконкретно, секоја негователка во зависност од возраста на својата група , од педагогот доби шематски и писмен опис на реализација на нивните планирања.Со ова и негователскиот кадар континуирано ќе ја води својата педагошка документација со постојана советодавна работа на педагогот.

Стручното усовршување на интерно ниво се реализираше преку стручна разработка на актуелни теми, психолошки работилници и практично решавање на одредени ситуации.

Во рамките на редовните и планирани стручни теми кои беа разработени, членовите на Советот и оваа година се информираа за начините на тематско планирање, вклучувањето на децата во тој процес, неговата реализација - посебно за работата по катчињата на активност, индивидуална работа и сл.

Соработката меѓу членовите на Советот како и меѓу нив и воспитниот кадар овозможи позитивна размена на искуства по однос на сите иновативни процеси што позитивно се одрази врз реализацијата на воспитно - образовната дејност.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ И ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР

Стручната дејност во градинката континуирано се развиваше во текот на 2013/2014 година како продолжение на долгогодишната работа на тоа поле. Унапредувањето на дејноста успешно се рефлектираше во практиката, резултирано од стручното работење на соодветниот кадар во градинката, поединечно и преку стручните тела. За таа цел во ЈДГ функционираат следните стручни тела: Стручен Совет, Совет на воспитувачи и Совет на негователи.

Покрај анализата за примена на различни новини и резултати од работата со децата, Стручните совети теоретски разработуваа: одредени теми, стручна литература и периодика, сознанија од посетени семинари, трибини и сл. што се наведени во извештајот.

Членовите на Стручните совети беа редовно информирани за новините во педагошката и психолошката теорија и практика, изнесени на семинари, симпозиуми и слични средби.

Оваа година, како и до сега, членовите на Стручните совети одлучија да се спроведе опсервација на децата, за секоја група посебно, за што вработените ги разменија своите искуства на состаноците.

Позитивното работење на Стручните совети се одрази позитивно и врз реализацијата на непосредната воспитно - образовна работа со децата.

Дејноста на Стручните совети и стручното усовршување на нивните членови се реализираше според однапред усвоен годишен план со програмски роковник за наведените активности.

Стручното усовршување на кадарот се реализираше преку следните форми:

- консултација и разработка на стручна литература;
- теоретски предавања според однапред избрани теми;
- следење и анализирање на резултатите од работата;
- меѓусебна размена на искуства;
- учество во стручни форми на усовршување вон градинката;
- практично решавање на одредени ситуации;
- психолошки работилници;
- информирање за актуелни прашања и разгледување на современи стручно - научни трендови од областа на педагогијата и психологијата;
- иновирање на дејноста.

Главни полиња на делување беа:

- усовршување на непосредната работа со децата;
- евалуацијата и самовреднувањето, планирањето и реализирањето на индивидуалната работа и развој на програмата за работа;
- начинот на едукација на родителите и соработка со нив разработени низ наведените теми.

Освен наведените теми и предавачи кои ЈДГ в8 Мартг ги ангажираше за потребите на стручното усовршување на својот стручен кадар, во текот на изминатата година поголем дел од воспитувачите имаа можност да проследат и стручни предавања, работилници и презентации на проекти на покана од други детски градинки.

Практичните форми на стручно усовршување претставуваат продолжение од предходната година и се во функција на развој на проектните активности и нивната реализација.

Изнесувајќи различни дилеми околу проектните активности, во рамките на Советите се одредуваат теми за проекти, се разработуваа на елементи и се формулираа развојни задачи, после што се дискутираше по однос на истото.

Наведените активности, како и други од тој вид, континуирано се спроведуваа во практиката како нови сознанија и се аплицираа нивните резултати со тенденција на усовршување.

Во текот на оваа година сите воспитувачи и негователи , директорот, како и стручните работници(педагог и логопед и дефектолог-волонтер) се стекнаа со Лиценца за извршување на дејноста во градинката.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈДГ в8 МАРТг НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ

Г.ѓа Снежана Кливановска како индивидуален работоводен орган на ЈДГ, својата работа во текот на изминатата година ,успешно, непоштедно, креативно, транспарентно , со визија на раст, напредок и создавање на можности за отварање на нови рабпотни места како и перманентно зголемување на просторните капацитети ја реализираше до 08.05.2015г. и за истиот временски период го презентира подолу наведениот извештај за своето работење.

Својата севкупна работа ја засноваше согласно законските одредби како и нормативните акти на ЈДГ, а во непосредна соработка со Министерството за труд и социјална политика на

РМ,	општината Кисела Вода како и со други стручни институции, воспитно - образовни асоцијации, стручни лица кои повремено и по укажана потреба беа консултирани.

Во својата работа директорот беше главен водач, организатор и координатор на целокупната работа во ЈДГ.

Конкретно за изминатава 2014/2015год. директорот на установата ги има реализирано, организирано, поттикнато, насочено и презентирано следниве активности:

1. Активно учествуваше, директно се инволвираше и практично делуваше во насока на содржинско осмислување на годишната програма за работа како и на сите други придружни планови на стручните тела и стручните работници во рамките на установата;
2. Активно учествуваше во изработката на предлог финансовиот план за работа(Буџет за 2014/2015г) со давање на конкретни и издржани предлози во која насока да се инвестират и насочуваат расположливите средства на установата;
3. Даде огромен придонес вложувајќи посебно напори за дополнително обезбедување на средства како преку МТСП на Р. Македонија така и преку општина Кисела Вода;
4. Целосно се посвети на организирање и координирање на воспитно образовната работа по групите, давајќи при тоа предност во ангажирањето на педагогот и стручните соработници с# со цел да се добие и постигне максимално добра организираност и ефикасност во работата;
5. Перманентно вршеше посети на воспитните групи комуницирајќи и соработувајќи непосредно и блиско со вработените при тоа навремено согледувајќи ги и решавајќи ги сите новонастанати состојби;
6. Перманентно вршеше посети на објектите, при тоа непосредно комуницираше со сите структури на кадарот и на лице место или со најкусо можно одложено делување ги решаваше сите спорни или проблематични состојби;
7. Перманентно водеше сметка и вложуваше голема енергија и напор за оддржување на една добра, позитивна, спокојна и сигурна атмосфера за работа, без при тоа истата да биде нарушена од било какви наворешни влијанија или проблем.Секогаш во постигнувањето на ова цел се раководеше од мислата дека вработените кои работат со и околу децата секогаш треба да бидат спокојни, стабилни и невознемирени, а тој Ђ директорот беше бариерата која успешно успеваше тоа да го постигне.
8. Остваруваше задолжителни разговори, консултации, советувања со работниците со цел да се подобрат констатираните недостатоци, а да се унапредува дејноста, иницираше , координираше, насочуваше и ги следеше активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на градинката и нејзината актуелност;
9. Активно и непоштедно се ангажираше во насока на афирмирање и презентирање на работата на установата пред надворешната јавност давајќи придонес кон создавање белег за установата како пример за добро, успешно и одговорно работење;
10. Активно учество даде во одбирањето и осмислувањето на стручните предавања за вработените со цел истите подобро да се едуцираат и да се во тек со сите промени во практиката. Воспостави една успешна нишка на демократичност и отвореност во работењето со кое вработените имаат можност да се почувствуваат не само како извршители, туку пред с# како креатори и творци(осмислувачи) на своето работење;
11. Даваше огромен придонес и покажа огромен ангажман околу јавното презентирање на работата, активностите, резултатите и успесите на установата на повеќето јавни гласила;
12. Во текот на годината во секое време овоможуваше прием на родители кои од најразлични побуди и потреби има потреба од разговор и консултација и при тоа во 100% разговорите завршуваа со коректна разделба, убаво упатени и разменети совети и сл. ;
13. Во секое време покажуваше подготвеност за соработка како со општината, основните училишта така и со другата градинка која работи на територија на општина Кисела Вода;

14. Активно, редовно, подготвено и одговорно се вклучуваше во работата на седници на Совет на ОКВ- по претходно доставена покана;
15. Во услови на недостаток на голема бројка на вработени (заради боледувања, попис, пензија и сл.) влезе во група во улога на воспитувач, заменувајќи го отсутниот воспитувач;
16. Во отсуство на педагогот на установата ,успешно ја извршување и неговата функција и работни задачи;
17. Активна работа, вклученост и ангажирање околу организирање и насочување на вработените при спроведената Ревизија на тековниот попис  од страна на овластен општински ревизор;
18. Активно ангажирање и успех при истото, околу поднесени барања за намалување на достасани фактури за наплата на потрошена вода (заштеда);
19. Активно учество и помагање при реализацијата на проектот вИнтеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен системг;
20. Максимално вложување, ангажирање и мобилизирање на вработените во насока на наплата на неподмирените обврски на родителите;
21. Активно, креативно и прилично иницијативно работење во насока на осмислување, имплементирање и спроведување на Акционите планови за заштита на децата, вработените и родителите од премногу високите и ниски температури- насоки добиени од страна на Влада на Р.Македонија;
22. Максимално ангажирање(кое с# уште е во тек) по однос на воведување на циркулирано, електронско евидентирање на нарачки, достава и прием на роба, дистрибуирање на истата до објектите, тамошно евидентирање и сл.;
23. Целосно имплементирање  на постапка на поставување на бар кодови за поефикасно, попрецизно и побрзо реализирање на постапката на попис на инвентор во установата. Во насока на овој ангажман од страна на директорот и соработниците заклучно со 31.12.2014г. се спроведе целосно инвентарисување на имотот на ЈДГ и се постигна многу прецизен, отчетен и квалитетен попис со најточни и најпрецизни податоци;
24. Воведување исклучително на писмена службена комуникација меѓу вработените преку користење на службени маил адреси;
25. Индивидуално работеше на сопственото педагошко - психолошко стручно усовршување и учество на советувања, семинари и други стручни средби;
26. Даваше  неопходна помош во организирањето и реализирањето на активностите од страна на негувателите и воспитувачите, запознавање со педагошката документација и давање насоки за нејзино правилно водење и континуирано следење на нивната стручна работа. воведе и електронско водење на педагошката документација;
27. Во текот на годината еднаш месечно ,а понекогаш и по потреба Ђинтерветно, организираше реализација на Стручниот совет на градинката, ја следеше, насочуваше, поттикнуваше  и координираше работата во установата Ђглобално;
28. Ја следеше  и даваше  стручна помош на одговорните воспитувачи со група  во сите објекти;
29. Работеше активно при изготвување на анализи, извештаи, информации и други податоци во врска со реализирањето на Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование;
30. Ја координираше   целокупната  дејност  ,трудејќи се и обезбедувајќи  соодветни услови и материјали за спроведување на активности од новата програма;
31. Перманентно  вршеше увид врз финансиското, материјалното и административното работење консултирајќи се навреме со правната служба и со останатите во административниот дел при тоа давајќи соодветни насоки за реализација за понатаму;
32. Перманентно иницираше и спроведуваше аналитики од најразличен тип со цел да се следат состојбите во установата  пореално и понавремено;

33. Активно учествуваше во подготвувањето на листата за јадење и набавувањето на храна според нормативите предвидени од Заводот за економика и домаќинство на Р.Македонија;
34. Присуствуваше на сите седници на Управниот одбор, го информираше за состојбите, целокупната работа во ЈДГ и настојуваше да се реализираат донесените одлуки и заклучоци;
35. Ангажирање за дисциплина и одговорност на вработените за поуспешно извршување на работните задачи, за успешно, економично и рационално работење;
36. Имаше соработка со родителите вклучувајќи ги во органите на управување на ЈДГ, насочување за застапување на најадекватните форми на соработка, а исто така се организираше советодавна дејност за вклучување на родителите во одделни активности во градинката, заради подобрување на условите за работа;
37. Директорот се залагаше за подобрување на општите услови за работа, просторно опремување, тековно одржување, дополнување и обновување на дидактички и основни средства за успешно изведување на воспитно - образовниот процес и целокупниот живот на детето во градинката;
38. Одговорно, во текот на целата година водеше грижа за безбедноста и здравјето на вработените при работа;
39. Организираше соработка со Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, општината Кисела Вода, Бирото за развој на образованието на Р.Македонија, Министерството за образование на Р.Македонија , како и со многу стручни институции од посебен интерес за процесот на предучилишното воспитание и образование;
40. Даваше активен и несебичен придонес од креативен и советодавен аспект при организацијата на многубројни активности кои установата ги реализираше како домаќин како на ниво на организација така и на ниво на ОКВ и пошироко;
41. Вршеше и други пропратни работи кои произлегуваа со текот на работата ,а беа во доменот на работата на директорот.

Од 11.05.2015 год. со Решение бр.83/18 донесено од Градоначалник на ОКВ се иманува нов директор на установата г.ѓа Габриела Стојановска која својата работа ја продолжи во согласност со Годишната програма за работа за 2014/15.

.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ НА ЈДГ в8 МАРТг НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ**

Воспитно образовната работа ја темелев и спроведував во склад со холистичкиот пристап на развојот на детската личност , хуманистичката развојна перцепција на предучилишното образование,Програмата за рано учење и развој и документот вСтандарди за рано учење и развој кај деца од 0-6 годиниг.Во континуитет и оваа година работев на подлабока имплементација на Стандардите за рано учење и развој во редовната воспитно образовна работа.

Својата педагошка работа ја обавував во сите објекти на установата,за 44 воспитно образовни групи со вкупна бројка од 1100 деца, а од месец Февруари со отварањето на новиот објект бројот на групи се зголеми за 3 и 55 ново запишани деца.Општа констатација за работењето во оваа година , би била мојата посветеност на подобрување на квалитетот на редовната воспитно образовната работа , редовна застапеност на проектната работа во воспитно образовниот процес во градинката и континуирана едукација на воспитно образовниот кадар на потребата од планирање и реализација на воспитно мобразовната работа темелена на стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години и Програмата за рано учење и развој. Во текот на целата година се обидував да ги подобрам начините на реализација на активностите, преку редовно следење на истите и водење на

листи на евиденција по извршеното следење.Исто така,доволно посветив време на индивидуално следење на децата,најчесто по укажување на воспитниот кадар, кое следење исто го евидентирав во листа за индивидуално следење на дете.Следењето на децата често се вршеше во соработка со логопедот на градинката(до нивното заминување од институцијата).Соработката со семејствата се одвиваше на повеќе полиња:информативно-советодавен разговор при аплицирањето на родителите за запишување,потоа при запишување на детето,па се до секојдневните советодавно-консултативни разговори со родителите(заведено во писмени белешки),организирање на работилници со родители,организирање на заеднички посети и излети,преку моето учество во работењето на Советот на родители, што е се всушност дел од однапред планираната и осмислена педагошка едукација на родителите.

**Учество во планирањето и евидентирањето на воспитно образовната работа** е еден од најважните сегмети во моето работење .Како и во изминатите години, изработив: Програма за работата на педагогот,План за соработка со семејството,План за соработка со училиштата и други градинки,План за стручно усовршување на кадарот,Програма за негователите во воспитните групи со деца од 8 до 24 месеци и со деца од 2-6 год (кој во себе содржи дневни планирања за негователскиот кадар во групите со деца од 8 до 24 месеци),План за работата на музичарот(во соработка со музичарот)План за летни рекреативни активности,дел од годишниот извештај за учебната 2013/2014 година (делот за воспитно образовна реализација),дел од годишна програма за учебната 2014/2015 (делот за планирањето на воспитно образовната работа),План за реализација на воспитно образовни активности на Програмата вИнтеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен системг и во соработка со директорот на установата е изработен Развоен План на ЈДГ "8 Март" за период од 2014-2016 година.

Од општата педагошката евиденција и документација по минатогодишните пропишани обрасци во пишана и електронска форма ги водев: Дневник за работа на детската градинка,Главна книга за деца .

Особено важен дел во моето работење посветив на структуирање на воспитно образовните групи, во почетокот на годината, но и во текот на целата учебна година поради континуирани уписи на деца,како и поради отварање на нов објект .Во врска со ова , беа и секојдневните мои ангажмани за запишување на деца во групите, и водење на апликациони листи за упис на деца , водење на состаноци на Комисијата за уписи и записници од нејзиното работење.

Во делот на **реализацијата на планот и програмата на воспитно образовната работа** во текот на целата година реализирав педагошко инструктивно советодавна работа со поголем дел од воспитувачите и негователскиот кадар.Овој дел од мојата работа ,се одвиваше низ писмена и усна форма, индивидуално и групно, а најчесто се реализираше по извршената проверка на педагошката документација и следење на воспитно образовните активности на воспитувачите,а истото го евидентирав во ново креираните Писмени белешки (според програмата за рано учење и Стандардите за ран детски развој).Во контекст на моето работење на ова поле, секој месец од учебната година изработував Месечни планови со повеќе пропратни прилози кои на воспитувачите им беа во контекст на збогатување на редовните воспитно образовни активности. Овдека би ги наброила сите свои пишани трудови кои се дел од месечните планови: Интерактивни драмски текстови :"Подарок од торбичка"(по повод одбележување на 8 Март),"Роденден на планетата Земја" (по повод 7. Април Ден на планетата Земја),"Роденден на северниот пол"(реализација на темата "Животни"),"Нашите пријатели"(реализација на темата "Пролет"),"Шумска

караница"(реализација на темата "Пролет"), Сценарија: "Детска олимпијада"(по повод избор на градинката  во која ќе гостува Свтски Олимписки Комитет), "Нашата нова градинка Стапалче" (по повод на отварање на новиот објект),"Нашата градинка Тиквичка" (по повод презентација на проектот "Градините во детските градинки").

Стручната едукација на воспитно образовниот процес ја извршував  преку лична едукација Ђ следење на нова педагошка литература, нејзина примена,проследување на педагошка литература по електронски пат (интернет), вршење на избор на  детска литература за воспитно образовните групи,вршење на избор на дидактички материјали и играчки  за сите групи,стручна речиси, секојдневна соработка со директорот,со секторот за образование , спорт, култура и предучилишно образование во општина Кисела Вода и Секторот за заштита на децата при МТСП на РМ и учество на семинари,стручни предавања : "Правилниот детски развој фокусиран врз фактори на ризик" од Проф. Миле Гиновски," Здравата храна во раниот детски развој" од нутриционист Цвета Динева,"Рефлективна педагогија -предизвик за квалитетниот воспитувач" од Проф.Д-р Лена Дамовска,"Менаџирање на работното место " од Проф. Панче Јовановски,обука за "Превентивно здраствени и безбедносни реформи и зајакнување на образовниот капацитет на вработените во детските градинки во Р. Македонија"(сите овие теми се дел од реализацијата на Развојниот план на установата), посета на саемот Пертиниво Белград на кој можев да проследам бројни теоретски и практични предавања на педагози и воспитувачи од регионот и да презентирам личен труд на тема "Градинка каква посакувам,градинка која ја познавам" преку кој всушност пред бројни претставници од регионот ги презентирав измените во Предучилишното образование во Република Македонија.

Освен преку лична едукација ,работев на стручна едукација на кадарот со цел  развивање и оплеменување на целиот воспитно образовен процес преку повеќе форми и активности. Оваа година за дел од воспитувачите беше реализирана дополнителна обука водење на педагошката документација и евиденција и имплементирање на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0-6 години .Исто така реализирав доплнителна  обука за негователите за нивно запознавање со Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0-6 години ,водење на педагошка документација на негователките во воспитните групи од 12-24м и за негователите во воспитните групи со деца од 2-6 години. Во оваа учебна година пишував текстови,стихотворби,драмски интерактивни драмски текстови  за детското списание вСмешког кои текстови им беа понудени и на воспитувачите од градинката.Својата лична стручна  едукација како и години наназад ја збогатив преку евалуација и анализирање на педагошка документација која ја водам ,со акцент на менување на истата според новите измени за водење и евиденција на педагошката документација.

Во делот на моето , **педагошко инструктивно учество во работата на стручните органи** реализирав состаноци на активи на воспитувачите  во сите објекти и активи на негователи,истите  најчесто беа со активно присуство на директорот, со однапред осмислен дневен ред и записник за реализација.

На секој состанок на Стручниот совет  делував на педагошко Ђинструктивен начин за секоја воспитно образовна активност во градинката.

Во оваа учебна година исто така организирав, со помош на директорот и воспитувачите **проектни и програмски активности од различен карактер**.Потточно по иницијатива на нашата установа ,а со поддршка од Секторот за детска заштита при МТСП учествував во сите сегменти на реализација на проектот "Градот низ детските очи"(изработка на тема и детален преглед на предлог активности),изработував и испраќав до ресорното Министерство месечни извешта и во соработка со директорот на установата ја организирав завршната

манифестација (Изложба на ниво на Р. Македонија) под покровителство на Секторот за заштита на децата на МТСП на Р Македонија .Во соработка со координаторот на програмата "Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем" работев на изготвување на интегриран воспитно образовен план и програмски активности на истата.Во соработка со директорот на институцијата и координаторите од редот на воспитувачите ,се вклучив во сите сегменти на реализација на Програмата за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца со процесот на одгледување и конзумирање на здрава храна ("Градините во детските градинки"во организација на МТСП на Р. М.), Проектот "Бонтон за сите деца"(во организација на МТСП на Р.М.) за кој изготвив акционен план за реализација како имплементација на активностите поврзани за бонтонот во редовната воспитно образовна работа,целосно ја координирав и се вклучив во дел од реализацијата на презентацијата на програмата завНационална стратегија за превенција на оралните заболувања кај деца до 14 годишна возраст во РМ во периодот од 2008-2018 год.г,активно се вклучив во реализација на проектот вПодари книга"(во организација на Владата на Р.М.)и Проект вБиди и ти Лино пријател Маркетинг Агенција Глобал Нет Адвертајзинг и МТСП.

Како голема предност во надградување на **условите** на моето работење , би ја нагласила особено добрата стручна соработка со директорката, која беше предуслов за моето работење, стручно надоградување и подигнување на нивото на воспитно образовната дејност во установата.

Планираниот **глобален распоред по месеци** беше реализиран со делумни отстапувања поради големиот обем на административна работа и поголем број на дополнителни активности, ангажмани и трудови.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЛОГОПЕДОТ НА ЈДГ в8 МАРТг НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ

Како логопед во Јавната детска градинка "8 Март" на општина Кисела Вода во Град Скопје како и минатата година се одвиваше како дел од целокупниот воспитно - образовен систем, во текот на 2014/2015 година. Работата се реализираше одговорно и совесно преку соодветно планирање, програмирање, евидентирање и евалуирање на работата. Нејзините резултати прегледно ќе бидат изложени во натамошниот текст на извештајот. Основната дејност Ђ рехабилитација на децата со говорни отстапувања се оствaруваше преку: детекција, опсервација, реализирани тестирања, логопетски вежби кои вклучуваа употреба и развој на моториката, аудио-визуелниот систем и когнитивните способности, се со цел да се достигнат стандардите, односно, реалните говорно-јазични очекувања и нивните способности за возраста.

Во текот на 2014/2015 акцентот на работата беше ставен на големите групи од предучилишна возраст (5-6 години). Исто така не беше исклучен и разговорот со родители, давање на насоки и стручни мислења, како и логопетски прегледи на деца од другите групи кои се на помала возраст.

Својата работа како логопед ја извршував 6 работни часа во текот на денот со престој според даден распоред за објектите во ЈДГ "8 Март"

- Објект "Расадник"
- Објект "Пржино"
- Објект "Пеперутка 1"
- Објект "Пеперутка 2"
- Објект "Ѕуница" како и

- Група во други просторни услови "Зеленика"
- Од месец Февруари и во новоотворениот објект "Стапалче"

Како стручен работник, од вкупниот број на 28 воспитни групи од делот градинка, работев со 10 воспитни групи, односно со големите групи од предучилишна возраст. Мојата работа беше концентрирана претежно на големите групи, или вкупно 127 деца со отстапување во Вербалната Комуникација. Општата констатација за работењето во оваа година, би била мојата посветеност за подобрување на говорот и надминување на говорно-јазичните отстапувања. Во текот на целата година се обидував да ги подобрам начините на изведување на логопетските вежби, преку редовно следење на нивното влијание врз подобрување на говорот на децата. Мојата работа освен тоа што се извршуваше во мала група по 2-3 деца со полесни отстапувања во говорот исто беше насочена и кон индивидуално следење и индивидуална работа со децата со потешки или комбинирани отстапувања во Вербалната Комуникација. Следењето на децата најчесто се вршеше во соработка со педагогот на градинката како и на дефектологот- волонтер. Соработката со директорот и соработка со воспитниот кадар исто така беше особено значајна. Соработката со родителите се одвиваше на повисоко ниво. Беа реализирани родителски средби на ниво на секој објект. Имаше и понатамошни средби, разговори, давање на насоки и запишување на вежби за применување на истите и дома, консултации и упатувања до соодветните институции по потреба.
Оваа година не се спроведе систематски преглед од страна на тим на логопеди од ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас при Клинички центар така што немав увид за состојбата на слухот кај децата. Како дел од мојата работа беше вклучено и пополнување на досиеата каде што внесував податоци за видот на отстапувањата во говорот, кај оние деца кај кои беше утврдено.
Планирањето на вежбите е исто така многу важен сегмент од моето работење. Реализација на планот и програмата на логопедот преку текот на целата година се остваруваше преку примена на вежбите од програмските подрачја. Тука би ги наброила следните програмски подрачја: слушање и внимание, развој на графомоторика, развој и рехабилитација на говор, развој и рехабилитација на јазик. Во контекст на моето работење во учебната година освен програмата , за секој месец од учебната година изработував Месечни планови и извештаи, водев дневна евиденција за рабтата, по потреба изработував и писмени белешки. Во текот на оваа учебна година освен работата со децата со говорни отстапувања од големите воспитни групи не беше исклучена и работата, советувањето и средбите со родителите на децата од средните или малите групи по барање на родителите или укажување на воспитувачите дека има потреба од проследување од страна на логопед.
Начин (метод) на евидентирање и сумирање на постигнатото од работата во текот на учебната година беше реализиран преку: спроведените тестирања кои служат како споредбени податоци за состојбата на децата на почетокот и на крајот на учебната година, водењето на евиденција за присутност на децата во период на мојот престој во секој објект , работното време во соодност на големиот број на деца кои имаат потреба од вежби, соработката со родителите, посебниот третман, упорноста и потребата од вежби кои барат подолг временски период кој зависи од видот и степенот на отстапувањето во говорот.
Стручната едукација ја извршував преку лична едукација: Специјализирав на Медицинскиот факултет во Скопје (отсек: клинички логопед-специјалист), посетував семинари, како и преку консултации, разговори и размена на стручни мислења.

Како стручен работник и дел од Стручниот совет секој месец присуствував на состаноците, давав усен извештај за состојбата на децата и активностите што се реализирале изминатиот месец.
Присуствував на следните предавања: вРефлективна педагогија-предизвик за квалитетниот воспитувачг реализирано од страна на проф. Лена Дамовска; вИнклузија во раното детство, предизвици и перспектиг Ђ канцеларија на УНИЦЕФ и МТСП, Семинар вДислексија, пристап и формиг.

## ФИНАНСОВА И ТЕКОВНА ПОЛИТИКА НА УСТАНОВАТА ( Период од 01.09.2014г. до 08.05.2015г.)

ЈДГ г8 Мартг на општина Кисела Вода во град Скопје, во врска со финансовата и тековна политика на работа за период од **01.09.2014г. до 08.05.2015г.** во текот на изминатата 2014/2015 година се состоеше од неколку сегменти и тоа:

- **Финасова и тековна политика во насока на обезбедување на редовна и квалитетна исхрана за децата кои ги згрижуваме;**

Установата во текот на целата година големо внимание посветува на реализацијата на текот и постапката на прибирање средства од родителите кои по пат на уплатници треба да ги подмируваат обврските за престој на нивните деца.Како и минатата година, така и оваа продолжија проблемите од аспект на нередовно плаќање на обврските кон установата.

Во овој период, кога веќе се приврзшува изработката на годишниот извештај, може да се потврди фактот дека има ефекти од постапката на обновување на договорите и дека родителите во голем процент ги подмирија заостанатите обврски.

За оние деца за кои до 15.09.2010г. нема да бидат подмирени долговите, установата има право, и истото ќе го искористи, да не го продолжи договорот со родителите, а на нивно место ќе бидат повикани деца кои се на листа на чекање за упис во градинка.

Навременото обезбедување на овие средства е непосредно врзано со задоволување на потребата за квалитетна исхрана на децата за што сметаме дека е на едно високо ниво.

Покрај големата општа криза во чии рамки функционира установата, во целиот изминат период бројот на оброците кои дневно им се дава на децата не се намали, што значи и во иднина децата ќе добиваат: појадок, прва-овошна ужинка, главен оброк и втора ужинка.

Постојано сме во комуникација со институции чија што работа е непосредно врзана со добрата и квалитетна исхрана на децата што секако дека н& дава голема помош во насока на тоа да можеме да се одлучиме што е тоа најдоброто и најквалитетното кое би го понудиле на нашите деца.

Установата во целост во текот на годината одвојуваше доволно средства со цел да обезбеди редовна и квалитетна исхрана за децата;

**Финансова и тековна политика во насока на тековно-инвестиционо одржување на објектите;**

Појдовно од три основни предуслови:

- Скратен буџет на наменската сметка в903г ;
- Ограничена можност за инвестирање заради преголемата оптовареност на буџетската самофинансирачка сметка в787г; и
- Енормно ниската цена за престој на деца во градинка ,
    1. Варосување на централната кујна во објектгРасадникг
    2. Перманентно тековно одржување на зградите (објектите) кои се под управа на установата;
    3. Перманентно тековно одржување на опремата во градинката;
    4. Тековно одржување на мебелот во градинката;

5. Тековно одржување на возниот парк на установата;

Новоименуваниот директор финансовата и тековна политика на работа ја продолжи во насока на обезбедување на редовна и квалитетна исхрана за децата како и на тековно-инвестиционо одржување на објектите.

## МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Материјалните трошоци на установата се потреби кои се јавуваат во секојдневното работење и кои се трудиме максимално да ги задоволуваме, се разбира во рамките на потребното и реалното.

Имено, во рамките на материјалните трошоци кои установата мошне ревносно, редовно и без никакво доцнење, како и за с# друго, го подмирува по однос на добавувчите во текот на годинава се појавуваат следниве:

1. Набавка на средства за хигиена;
2. Набавка на канцелариски материјали;
3. Набавка на комунални трошоци (струја ,вода,ѓубретарина, телефон)
4. Набавка на бензин и уље;
5. Набавка на одржување на возилата;
6. Набавка на регистрација на возила;
7. Набавка на сервисирање и одржување на возила;
8. Набавка на храна;
9. Набавка на санитарни прегледи;
10. Набавка на здравствени прегледи на вработените;

Изработиле:
Мира Ѓорѓиевска
Мартина Ѓуровска
Снежана Кливановска
Анѓица Иванова
Мирјана Китановска

Директор,

___________________________

Стојановска Габриела